# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# ***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК***

**Службен гласник** **03.04.2023 година**
**Општина Македонски Брод** **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 4 – 2023 год.**

АПРИЛ 2023

Врз основа на член 84 од Законот за основното образование („Сл. Весник на РСМ“ бр. 16/19), член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.Весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, Сл.весник на РСМ 143/19 и 14/2020), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 точка 42 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.гласник на општина Македонски Брод“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Македонски Брод на 20-та седница одржана на ден 31.03.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Годишниот план за вработување во
ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за 2024 година

Член 1

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод за 2024 година, со арх.бр 01-112/1 од 09.02.2023 година, донесен од Директорот на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Број 18 - 299/3
31.03.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за 2024 година

Се објавува Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за 2024 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година по доставено барање од страна на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод заведено под бр.18 - 242/1,2,3 од 06.03.2023 година го донесе, следниот

# З А К Л У Ч О К

за давање на ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за III одделение

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.03.2023 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2022/23 година, согласно Правилникот за изведување на слободни активности на учениците од основните училишта и Програмата за екскурзија бр.01-116/1 од 28.02.2023 година, Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе Заклучок за давање на ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изведување на еднодневна научно - наставна екскурзија за учениците од III одделение, планирана од страна на училиштето.

Бр.18 - 299/4/1
31.03.2023 година

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за III одделение

Се објавува Заклучок за давање на позитивно мислење на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за III одделение, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година по доставено барање од страна на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод заведено под бр.18-242/1,2,3 од 06.03.2023 година го донесе, следниот

# З А К Л У Ч О К

за давање на ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за VI одделение

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.03.2023 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2022/23 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на слободни активности на учениците од основните училишта, а врз основа на член 42 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе Заклучок за давање на ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изведување на дводневна наставно - научна екскурзија согласно Програмата за учениците од VI одделение под бр.01-117/1 од 13.02.2023 година планирано од страна на училиштето.

Бр.18 - 299/4/2
31.03.2023 година

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за VI одделение

Се објавува Заклучок за давање на позитивно мислење на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за VI одделение, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година по доставено барање од страна на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод заведено под бр.18- 242/1,2,3 од 06.03.2023 година го донесе, следниот

# З А К Л У Ч О К

за давање на ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за IX одделение

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.03.2023 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2022/23 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на слободни активности на учениците од основните училишта, а врз основа на член 42 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе Заклучок за давање на ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за Програмата за изведување на тридневна екскурзија за IX одделение под бр.01-118/1 од 28.02.2023 година, планирана од страна на училиштето.

Бр.18 - 299/4/3
31.03.2023 година

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за IX одделение

Се објавува Заклучок за давање на позитивно мислење на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за IX одделение, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година по доставено барање од страна на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод заведено под бр.18-242/1,2,3 од 06.03.2023 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

за давање на ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за Летен камп за ученици во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод I - IX одделение

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.03.2023 година врз основа на поднесената Програма за Летен камп за учениците за учебната 2022/23 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на ученички екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците од основните училишта, а врз основа на член 42 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.116/19), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе Заклучок за давање на ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за Програма за Летен камп за учениците од I - IX одделение бр.01-119/1 од 13.02.2023 година планирано од страна на училиштето.

Бр. 18 - 299/4/4
31.03.2023 година

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење за Летен камп за ученици во ООУ „Св.Климент Охридски“ за 2022/23 година

Се објавува Заклучок за давање на позитивно мислење за Летен камп за ученици во ООУ „Св.Климент Охридски“ за 2022/23 година, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод ја разгледа Стратегија за безбедност на патиштата и акциски план за локална самоуправа – општина Македонски Брод, Северна Македонија за 2023-2027 година на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година, го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

за усвојување на Стратегија за безбедност на патиштата и акциски план за локална самоуправа – општина Македонски Брод, Северна Македонија за 2023-2027

1.Се усвојува Стратегија за безбедност на патиштата и акциски план за локална самоуправа – општина Македонски Брод, Северна Македонија за 2023-2027

2.Составен дел на овој Заклучок е Стратегија за безбедност на патиштата и акциски план за локална самоуправа – општина Македонски Брод, Северна Македонија 2023-2027

3.Заклучок влегува на сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 299/5
31.03.2023 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

**Министерство за транспорт и врски**

**Задача имплементирана од страна на Planet S.A. како водечки член на JV**

---

**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Министерство за транспорт и врски**
***Единица за имплементација на проект***

Проект за поврзување на локални патишта - P170267
Заем бр. No. 9034-MK

Договор бр. LRCP-9034-MK–CS-CQS-A.1.2.3.

**Задача:**

**"Техничка помош за преглед на капацитет за управување со безбедност на патишта (RSMCR) и подобрувања на капацитет за управување со безбедност на патишта на ниво на општина (локални заедници)"**

# Извештај за стратегија за безбедност на патиштата и акциски план за локална самоуправа

# – општина Македонски Брод, Северна Македонија

**Март, 2023**







# СТРАТЕГИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТИШТАТА И АКЦИСКИ ПЛАН НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

**2023**
**2027**

# ОДОБРЕНА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДОКУМЕНТ

| | |
|---|---|
| Договорен орган | Министерство за транспорт и врски<br>Единица за имплементација на проект |
| Наслов на задача | Техничка помош за преглед на капацитет за управување со безбедност на патишта (RSMCR) и подобрувања на капацитет за управување со безбедност на патишта на ниво на општина (локални заедници) |
| Заем бр. | 9034-MK |
| Референтен број на договор | LRCP-9034-MK–CS-CQS-A.1.2.3. |
| Наслов на документ | Стратегија за безбедност на патиштата и акциски план за на територијата на општина Македонски Брод |
| Статус на верзија | Завршна верзија 09/03/2023 |

---

**Исправање грешки:**

| **Ревизија бр.** | **Датум** | **Опис** | **Подготвен/Одобрен** |
|---|---|---|---|
| 1. Нацрт извештај | 03.03.2023. | Почетен документ | TL-KE1, KE2, KE3, KE4, NKE 5-1 |
| 2. Завршен извештај | 09.03.2023. | Завршен извештај со имплементирани коментари | TL-KE1, KE2, KE3, KE4, NKE 5-1 |

---

**Документ изработен од JV PLANET – SUEZ:**

**Подготвен од:** Дејан Јованов, Ph.D., Водач на тим и специјалист за управување со безбедност на патишта (KE 1)

Драгослав Кукиќ, Ph.D., Специјалист за безбедност на патишта (KE 2)

Крсто Липовац, Ph.D., Експерт за политики (KE 3)

Рајко Бранковиќ, Експерт за обука (KE 4)

Марина Терповска Штарго, BA, (NKE 5-1)

**Прегледан од:** Константинос Такацоглу, Помошник директор на проект

## Листа на графикони и слики

Графикон 1 – Позиција на општина Македонски Брод врз основа на бројот на жители, во однос на другите општини во Република Северна Македонија........................................10
Слика 2 - Улици во Македонски Брод ..............................................................................13
Графикон 3 - Позиција на општина Македонски Брод врз основа на регистрирани возила, во однос на другите општини во Република Северна Македонија ...........................14
Графикон 4 - Соодност на бројот на загинати, тешко повредени и вкупниот број на сообраќајни незгоди за периодот 2017-2022 година.............................................................23
Графикон 5 - Број на сообраќајни незгоди по последици за периодот 2017 - 2022 година ..24
Графикон 6 - Број на сообраќајни незгоди по причини за периодот 2017 - 2022 година. .....24
Графикон 7 - Број на сообраќајни незгоди во општините во Република Северна Македонија, 2021 година. ..........................................................................................25
Графикон 8 - Вредностите на јавниот пондериран ризик од страдање на општините во Република Северна Македонија, 2021 година ..................................................................25
Графикон 9 - Вредности на сообраќајно пондерираниот ризик од повреда по општини во Република Северна Македонија, 2021 година ..................................................................26
Графикон 10 - Распределба на жртвите кои учествувале во сообраќајни незгоди според возрасни категории, на територијата на општина Македонски Брод во периодот од 2020 до 2021 година..........................................................................................................26
Графикон 11 - Распределба на повредени учесници според природата на учество во сообраќајот, општина Македонски Брод, во периодот од 2020 до 2021 година ...................27
Графикон 12 - Распределба на жртвите кои учествувале во сообраќајни незгоди според видот на несреќата на територијата на општина Македонски Брод, што се случила на локалниот пат, улица и булевар, во периодот од 2020. до 2021. година...............................29
Графикон 13 - Проценка на бројот на загинати и постигнување на целта за намалување на бројот на жртви.............................................................................................................36
Графикон 14 - Проценка на бројот на тешко повредени лица и постигнување на целта за намалување на бројот на тешко повредени лица ..................................................................37

## Листа на табели

Табела 1 - Податоци преземни од последниот попис на населние во 2021 за Општина Македонски Брод...............................................................................................................10
Табела 2 - Локална патна мрежа во километри за 2021 година на територијата на општина ...............................................................................................................................11
Табела 3 - Локална патна мрежа на територијата на општина Македонски Брод ................11
Табела 4 - Бројот на регистрирани моторни возила на општина ..........................................14

## Кратенки

| | |
|---|---|
| AADT | Annual average daily traffic |
| AMSM | Auto-Moto Association of Macedonia |
| BSM | Black Spot Management |
| CADaS | Common Accident Data Set |
| EU | European Union |
| EMS | Emergency Medical Services |
| iRAP | International Road Assessment Programme |
| IFI | International Financing Institution |
| GIS | Geographic Information System |
| GRSF | Global Road Safety Facility |
| GoV | Government |
| JV | Joint Venture |
| LCRS | Local Councils on Road Safety |
| MDA | Material damage only |
| MTA | Minor traffic accidents |
| MoE | Ministry of Economy |
| MoES | Ministry of Education and Science |
| MoF | Ministry of Finance |
| MoJ | Ministry of Justice |
| MoI | Ministry of Interior |
| MoLSG | Ministry of Local Self-Government |
| MoH | Ministry of Health |
| MoESP | Ministry of environment and physical planning |
| MoTC | Ministry of Transport and Communication |
| NCBRS | National Coordination Body for road safety |
| NKE | Non-Key Expert |
| PESR | Public Enterprise for State Roads |
| PIU | Project Implementation Unit |
| RCFRS | Republic Council for Road Safety |
| RS | Road Safety |
| RSM | Road Safety Management |
| RSPI | Road Safety Performance Indicators |
| RTSA | Road Traffic Safety Agency |
| STA | Svere traffic accident |
| TA | Traffic accident |
| TCT | Transport Community Treaty |
| TR | Technical Report |
| ToR | Terms of Reference |
| TL | Team Leader |
| UN | United Nations |
| WB | World Bank |
| ZELS | Association of the Units of Self-Government |

## Содржина


Листа на графикони и слики .......... 4

Листа на табели .......... 4

Кратенки .......... 5

ПРЕДГОВОР НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА МАКЕДОНСКИ БРОД .......... 8

1. БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТИШТАТА – МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА .......... 9

1.1 Социо-економски и демографски карактеристики на општина .......... 9
1.2 Постоечко релевантно законодавство .......... 14
1.3 Стратешки документи донесени од страна на општина .......... 15
1.4 Капацитет и интегритет на сегашниот систем за безбедност во сообраќајот и главните чинители .......... 15
1.5 Прибирање на податоци и поседување на база на податоци од важност за безбедноста во сообраќајот .......... 22
1.6 Изложеност на сообраќајот, култура и навики .......... 22
1.7 Индикатори за безбедност во сообраќајот – моментална состојба .......... 22
1.8 Конечни исходи за безбедноста на патиштата (сообраќајни несреќи, жртви, повредени, вкупни социо-економски трошоци од сообраќајни несреќи) - моментална состојба и трендови .......... 23
1.9 Главните проблеми со безбедноста на патиштата кои треба да се решат во следниот период .......... 30

2. БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТИШТАТА - ПОСАКУВАНА СИТУАЦИЈА .......... 33

2.1 Амбиција, мисија и визија за безбедност на патиштата .......... 33
2.2 Цели за безбедност на патиштата насочени кон подобрување на системот за безбедност на патиштата (капацитет и интегритет на главните чинители, организација, координација и соработка) .......... 33
2.3 Цели за безбедност на патиштата насочени кон подобрување на знаењето, свеста и ставовите од важност за безбедноста на патиштата .......... 34
2.4 Цели и задачи за безбедност на патиштата во однос на евентуалните средни исходи .......... 35
2.5 Цели и задачи за безбедност на патиштата во однос на евентуалните конечни исходи .......... 35

3. КЛУЧНИ ОБЛАСТИ НА РАБОТА – КЛАСИФИЦИРАНИ МЕРКИ И ДЕЈСТВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТОТ .......... 38

3.1 Класификација на мерките за безбедност на патиштата според 5 елементи за безбедност на патиштата идентификувани преку безбеден пристап на системот 38
3.2 Класификација на мерките за безбедност на патиштата според идентификувани клучни безбедносни проблеми на патиштата .......... 40
3.3 Класификација на мерките за безбедност на патиштата од аспект на засегнати страни .......... 42

**4. СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА ..................................... 44**
4.1 Систем за прибирање на податоци ..................................... 44
4.2 Локална аналитичка база на податоци за безбедност на патиштата ..................................... 44
4.3 Континуирано и периодично известување до политичкиот фактор и граѓаните за фактите за безбедноста на патиштата во локалната заедница ... 46

**АКЦИСКИ ПЛАН ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ ..................................... 47**

**ДОДАТОК ..................................... 60**

ДОДАТОК: АНАЛИЗА НА СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ ЗА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ..................................... 61

## ПРЕДГОВОР НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА МАКЕДОНСКИ БРОД



***Почитувани сограѓани,***

*Поради урбаниот развој и зголемената мобилност во светот и кај нас, проблемот со зголемениот број на настрадани учесници во сообраќајот претставува предизвик на којшто треба да му се посвети посебно внимание. Од година на година во нашата држава се забележува значителен број на настрадани лица во сообраќајот чии страдања директно влијаат врз животите на сите нас лично но и пошироко врз заедницата и целокупното општеството.*

*За жал, како и кај сите други општини, така и нашата општина не е заобиколена од овој предизвик. Според податоците, во последните пет години (2018-2022 година) на територијата на општина Македонски Брод се случиле вкупно 134 сообраќајни несреќи во кои животот го загубиле четири лица.*

*Иако нашата општина се вбројува во општините со мал број на настрадани лица во сообраќајот, сепак јас како Градоначалник и ние како одговорна општина, решивме да преземеме драстични чекори во подобрување на постоечката состојба во областа на безбедност во сообраќајот се со цел да го направиме животот побезбеден и посигурен за секој од нас.*

*Наш водич на тој пат секако е Стратегијата за безбедност во сообраќајот, која претставува основа за спроведување на акционен план во кој се препознаваат мерките и активностите кои треба да ги постигнат зацртаните цели.*

*Документот пред нас има за цел преку конкретни и стручно дефинирани активности да ги намали сообраќајните несреќи на територијата на нашата локална самоуправа. Исто така, за овој документ целосно да се искористи и стратешкиот план да стане остварлив, неопходна е понатамошна вклученост на сите институции, организации и поединци кои живеат или работат на подрачјето на нашата општина. Само преку здраво партнерство, нашата локална заедница можеме да ја направиме безбедно место за сите учесници во сообраќајот, како за нашите сограѓани, така и за сите кои минуваат низ нашата општина. Искрено се надевам на очекуваните резултати и решени сме усвојувањето и спроведувањето на Стратегијата да го направиме првиот чекор кон побезбеден сообраќај.*

*Градоначалник на Македонски Брод*
*ЖАРКО РИСТЕСКИ*

# 1. БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТИШТАТА – МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

## 1.1 Социо-економски и демографски карактеристики на општина

### Општина Македонски Брод

Општина Македонски Брод се наоѓа во западниот дел на Република Македонија. Центар на општината е истоимениот град Македонски Брод. Градот е еден од помалите градови во Македонија кој се наоѓа во Поречката област. Лежи на бреговите на горното сливно подрачје на реката Треска па оттаму произлегло и неговото име Брод. Се наоѓа на надморска височина од 545 метри. Со новата територијална поделба на Република Македонија од 2005 година кон поранешната Општина Македонски Брод е припоена и Општина Самоков. Општината Македонски Брод брои 6.124 жители и е со површина од 888,97 km2. Густината на население во општината изнесува 6,8 жители/$km^2$.

Општината Македонски Брод граничи со општините: Желино и Брвеница на север, Студеничани и Сопиште на североисток, Чашка и Долнени на југоисток, Крушево и Кичево на југ, Пласница и Кичево на југозапад и Гостивар на северозапад.

Број на населени места во рамки на општината се 51. Во нив се вбројува градот Македонски Брод заедно со селата: Белица, Бенче, Битово, Близанско, Брезница, Брест, Вир, Волче, Горни Манастирец, Горно Ботушје, Горно Крушје, Грешница, Девич, Долни Манастирец, Долно Ботушје, Долно Крушје, Драгов Дол, Дреново, Заград, Звечан, Здуње, Зркле, Ижиште, Инче, Калуѓерец, Ковач, Ковче, Косово, Крапа, Латово, Локвица, Лупште, Могилец, Модриште, Ореовец, Рамне, Растеш, Русјаци, Самоков, Сланско, Слатина, Старо Село, Суводол, Сушица, Тажево, Томино Село, Тополница, Требино, Требовље и Црешнево.

Територијата на општината се наоѓа под влијаније на умерено-континентална клима, кој се одликува со ладни и врнежливи зими, суви и топли лета. На високите планини е изразена планинска клима со кратки и ладни лета и долги и снежни зими. Најтопол месец со средна просечна месечна температура е јули со 25˚C. Најстуден месец со средна просечна месечна температура е декември со -15 до 3˚C. Екстремните температура се движат од 41˚C во август до -27˚C во јануари.

Шумарството во Бродскиот регион е една од најзначајните и доста перспективните стопански гранки. Тоа произлегува од фактот што во регионот 50% и повеќе е под шума и е најбогат регион со шуми во Република Македонија. Македонски Брод може да се пофали со голем број планини и врвови, како што се Бушова Планина, Песјак, Солунска Глава, Боро Поле, Добра Вода и др. Надморската височина се движи од 620 до 2.100 м. Тие се испресечени со реки, потоци и долови кои почесто се плитки а поретко се длабоки. Бреговите се благо наклонети, умерено стрмни (во најголем дел), стрмни и многу стрмни (во најмал дел).

Покрај другите огромни природни богатства во општина Македонски Брод има и голем број на подземни пештери. Поради ова во текот на секоја година се одржуваат разни спелеолошки манифестации во селата каде што се најубавите пештери, тоа се најатрактивните пештери во Македонија и пошироко. Тие се наоѓаат во селата Слатина и Белица.

Главен проблем на територијата на Општина Македонски Брод претставува патното поврзување со Скопје, бидејќи со изградбата на браната Козјак е уништен дел од директниот патен правец, па за да се стигне до Скопје треба да се поминат околу 150 км преку Кичево, Гостивар и Тетово. Главен стратешки приоритет на Општината Македонски Брод е токму целосната изградбата на регионалниот пат Македонски Брод – Скопје.

## Популација

Од демографска гледна точка, општината Македонски Брод е населена претежно со етничко македонско население и брои вкупно 6.124 жители. Се смета за една од помалите општини по број на жители во Република Северна Македонија.




*Графикон 1 – Позиција на општина Македонски Брод врз основа на бројот на жители, во однос на другите општини во Република Северна Македонија*[1]

Според последниот попис на територијата на општина Македонски Брод живеат повеќе мажи отколку жени (Табела 1).

*Табела 1 - Податоци превземени од последниот попис на населние во 2021 за Општина Македонски Брод*

| Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| 6.124 | 3.194 | 2.930 |

*Извор: Државен завод за статистике*

## Локална патна мрежа

Локалната патна мрежа на територијата на општина Македонски Брод е прикажана во следната табела, за 2021 година. Од следната табела може да се види дека на територијата на општина Македонски Брод има 213 километри патишта, од кои најмногу километри се асфалтирани патишта (111км).

[1] Податоците за сите поединечни општини во Северна Македонија се прикажани, исто така 10 општини кои го вклучуваат градот Скопје се прикажани поединечно на овој дијаграм (за да ги добиете податоците за Скопје, потребно е да се соберат податоците за десетте општини што го вклучуваат градот од Скопје)

*Табела 2 - Локална патна мрежа во километри за 2021 година на територијата на општина*

| Локален пат - состојба: | 2021 (км) |
|---|---|
| Вкупно | 213 |
| Асфалт и коцка | 111 |
| Макадам | 21 |
| Земјани | 65 |
| Непробиени | 16 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Во согласност со горенаведените податоци, структурата на патната мрежа за Општина Македонски Брод ги опфаќа следните улици:

*Табела 3 - Локална патна мрежа на територијата на општина Македонски Брод*

| ИМЕ НА УЛИЦА | СОСТОЈБА | ДОЛЖИНА (м) |
|---|---|---|
| 15-та Бригада | асфалт | 371 |
| Поречка | асфалт | 533 |
| Јане Сандански | асфалт | 530 |
| Кирил и Методиј | асфалт | 591 |
| 4-ти Јули | асфалт | 241 |
| Првомајска | асфалт | 296 |
| Вера Јоциќ | асфалт | 79 |
| Никола Карев | асфалт | 178 |
| 11-ти Октомври | асфалт | 270 |
| Вук Караџиќ | асфалт | 229 |
| Никола Тесла | асфалт | 166 |
| Сава Ковачевиќ | асфалт | 123 |
| Даме Груев | асфалт | 381 |
| Руѓер Бошковиќ | асфалт | 82 |
| Сремски Фронт | асфалт | 134 |
| Јуриј Гагарин | асфалт | 188 |
| Кочо Рацин | асфалт | 326 |
| Ленинова | асфалт | 82 |
| Ѓуро Ѓаковиќ | асфалт | 156 |
| Козара | асфалт | 159 |
| Сутјеска | асфалт | 198 |
| Пролетерска | асфалт | 442 |
| Душан Митрески | асфалт | 639 |
| Крушевска Република | асфалт | 693 |
| Неретва | асфалт | 404 |
| Цветан Димов | асфалт | 187 |
| Орце Николов | асфалт | 230 |
| Глигор Прличев | асфалт | 267 |
| Илија Игески-Цветан | асфалт | 1164 |
| Песјак | бекатон | 786 |

| | | |
|---|---|---|
| Михајло Пупин | бекатон | 625 |
| Браќа Миладиновци | асфалт | 352 |
| 25-ти Мај | асфалт | 45 |
| Питу Гули | асфалт | 103 |
| Страшо Пинџур | асфалт | 346 |
| Маршал Тито | асфалт | 2215 |
| Илинденска | асфалт | 192 |
| Васко Карангелески | асфалт | 346 |
| КузманЈосифовски-Питу | асфалт | 155 |
| 8-ми Септември | асфалт | 434 |
| 7-ми Септември | асфалт | 379 |
| Партизанска | асфалт | 1034 |
| Партизанска | асфалт | 161 |
| Маршал Тито | асфалт | 176 |
| Ѓорче Петров | асфалт | 376 |
| Гоце Делчев | асфалт | 202 |
| Сутјеска | асфалт | 81 |
| Илинденска | макадам | 156 |
| Илинденска | асфалт | 87 |
| Илинденска | макадам | 39 |
| Димитар Влахов | асфалт | 675 |
| Мирче Ацев | асфалт | 893 |
| Иво Лола-Рибар | асфалт | 251 |
| Пере Тошев | асфалт | 73 |
| Ѓуро Ѓаковиќ | макадам | 58 |
| Мирче Ацев | бекатон | 162 |
| Маршал Тико крак 14а | асфалт | 185 |
| Маршал Тито крак 14б | асфалт | 353 |
| Маршал Тито крак 14в | асфалт | 179 |
| Маршал Тито крак 14г | бекатон | 48 |
| Заобиколница | асфалт | 1264 |
| Пречистителна | асфалт | 299 |
| Маршал Тито Крак д | асфалт | 85 |




*Слика 2 - Улици во Македонски Брод*

### Регистрирани возила

Бројот на регистрирани моторни возила на територијата на општина Македонски Брод изнесува 1.512 возила. Од нив, регистрирани патнички автомобили се вкупно 1.401 возило и се најбројни во однос на другите превозни средства.

*Табела 4 - Број на регистрирани моторни возила во општината*

| | 2021 |
|---|---|
| Вкупно | 1.512 |
| Мотоцикли | 18 |
| патнички автомобили | 1.401 |
| Автобуси | 3 |
| товарни автомобили | 76 |
| трактори | 8 |
| Работни возила | 3 |
| Приклучни возила | 3 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Следниот графикон ја прикажува позицијата на општина Македонски Брод во однос на другите општини во Северна Македонија, врз основа на бројот на регистрирани моторни возила:




*Графикон 3 - Позиција на општина Македонски Брод врз основа на регистрирани возила, во однос на другите општини во Република Северна Македонија*

Општина Македонски Брод е меѓу општините во Република Северна Македонија со релативно мал број на регистрирани моторни возила.

Степенот на моторизација на територијата на општина Македонски Брод е 247 регистрирани возила на 1.000 жители во 2021 година.

## 1.2 Постоечко релевантно законодавство

Првенствено, законодавството на општинско ниво се потпира на законодавството донесено на национално ниво. Најважните закони на национално ниво поврзани со безбедноста на

патиштата се: **Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата** [2] (2015), **Закон за полиција** [3] (2006), **Закон за јавните патишта** [4] (2008) и **Законот за возила** [5] (2009), а на општинско ниво се донесени следните одлуки кои се значајни за безбедноста на сообраќајот на патиштата:

- Одлука за формирање на Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Македонски Брод (мандатот на советот истече во 2022 година)

Исто така, општината може во наредниот период да донесе слични одлуки кои ја регулираат или имаат влијание врз безбедноста на сообраќајот на патиштата.

## 1.3 Стратешки документи донесени од страна на општина

Оваа Стратегија претставува прв стратешки документ на ниво на општина Македонски Брод кој се однесува на стратешкото управување со безбедноста во сообраќајот на локално ниво.

На национално ниво беше донесена Националната транспортна стратегија 2018-2030 година. Националната транспортна стратегија е документ кој дефинира јасни насоки за планирање на инвестициите во инфраструктурата и развојот на целокупниот транспортен систем во Република Македонија. Стратегијата за безбедност во сообраќајот донесена на локално ниво за општина Македонски Брод е целосно во согласност со Националната стратегија за транспорт. Имено, Стратегијата за безбедност во сообраќајот за општина Македонски Брод се носи со цел да може да ја поддржува и помогне во остварување на дефинираната цел во рамките на Националната стратегија за транспорт, а тоа е да се воспостави сигурен и безбеден транспортен систем во сите видови на транспорт преку намалување на бројот на загинати на патиштата за 50%. до 2030 година.

## 1.4 Капацитет и интегритет на сегашниот систем за безбедност во сообраќајот и главните чинители

За да може системот за безбедност на сообраќајот да биде функционален и ефикасен, треба да има адекватна основа врз која таа функционалност и ефикасност може да се потпира. Основата на системот за безбедност во сообраќајот ја сочинуваат субјектите за безбедност во сообраќајот, а зајакнувањето на капацитетот и интегритетот на сите субјекти (чинители) од заштитниот систем за безбедност во сообраќајот е почетна точка за обезбедување и подобрување на безбедноста во сообраќајот. Со други зборови, за безбедноста во сообраќајот, покрај поединците и нивната улога во системот за безбедност во сообраќајот, суштински се и институциите и организациите одговорни за подобрување на безбедноста во сообраќајот. Тука спаѓа нивната организација, бројот и стручноста на вработените, јасно

[2] Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, (Службен весник на Република Македонија бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18, 191/18, 70/19, 98/19, 302/20, 122/21), pravdiko.mk, Visited 07. August 2022.

[3] Закон за полиција (Службен весник на Република Македонија“ број 114/2006, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18), pravdiko.mk, Visited 07. August 2022.

[4] Закон за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/2008; 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16), roads.org.mk, Visited 07. August 2022.

[5] Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16), ener.gov.mk, Visited 07. August 2022.

дефинирани улоги во сите институции и организации, координација, соработка и комуникација со други институции и поединци, што е предуслов за постигнување на дефинираните цели и посакуваната состојба на безбедност во сообраќајот.

Најважни субјекти (чинители) на системот за локална заштита и безбедност во сообраќајот на подрачјето на општина Македонски Брод се следните:

- Секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина како сектор надлежен во доменот на сообраќајот на општинско ниво
- Општински совет за безбедност во сообраќајот
- Полициска станица Македонски Брод
- Услуги за итна медицинска помош
- Териториjална противпожарна единица на Македонски Брод
- Заедница на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС)
- Предучилишни установи и училишта
- Технички прегледи и автошколи
- Невладини организации и здруженија

Улогата на горенаведените институции значајни за безбедноста во сообраќајот на локално ниво на територијата на Македонски Брод, е следна:

- **СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ, ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ, УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

На територијата на општина Македонски Брод, основна институција надлежна за управување со безбедноста во сообраќајот е самата општина. Во рамките на општината постои Секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина.

Во Секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина има формирано посебни одделенија кои се директно вклучени во одржување и унапредување на безбедноста во сообраќајот на територија на општината.

Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштитата на животна средина е сектор кој покрај надлежностите од комуналната сфера и заштита на животна средина се грижи и за:

- изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти,
- регулирање на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација,
- изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање; отстранувањето на непрописно паркираните возила,
- отстранување на хаварисаните возила од јавните површини,

Во рамки на секторот има четири одделенија:

- Одделение за комунални дејности

- Оделението за локален економски развој
- Одделение за урбанизам
- Одделение за заштита на животната средина.

Иако некои сегменти од сообраќајот се вклучени и во Одделението за Локален економски развој, како што е планирањето на економскиот развој на општината, сепак најголема улога и удел во спроведување на проекти кои се во насока зголемување на безбедноста во сообраќајот (тековно одржување на улици и патишта, нивна реконструкција, делот со јавно осветлување и сл.), го има Одделението за Урбанизам.

### ➢ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ

Одделението за урбанизам ги извршува следните задачи:

- просторно и урбанистичко планирање во општината и покренување на иницијативи и предлози за донесување или изменување на ДУП,
- издавање на одобренија за градби, уредување на градежно земјиште,
- изготвува програми за уредување на градежното земјиште и програма за изградба, реконструкција и одржување на комунални објекти, локални патишта и улици,
- спроведување на постапките за отуѓување на градежно земјиште, долготраен закуп, краткотраен закуп, концесија и трајно користење,
- изготвување на предлог Решенија за востановување на стварни права врз градежно земјиште.

Одделението за урбанизам на Општината Македонски Брод е одговорно за рализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на Општина Македонски Брод. Со оваа Програма се планираат активностите на општината Македонски Брод за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на подрачјето на општината Македонски Брод. Динамиката на реализација на планираните проекти во рамки на Програмата се врши во согласност со динамиката на остварувањето на приходите во тековната година како и во зависност од достапноста на општината до домашни и странски фондови.

Исто така во рамки на Одделението се реализира Зимското одржување на локалните улици и патишта кое го извршува ЈКП „Комунална хигиена“ согласно договорот склучен помеѓу Општина Македонски Брод и ЈКП „Комунална хигиена“.

### ➢ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Советот за безбедност во сообраќајот на општината е формиран во 2018 година. Мандатот на членовите трае 4 години и истиот е истечен заклучно со 2022 година.

Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Македонски Брод, ќе има за задача:

- унапредување на работите поврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата;

- унапредување на сообраќајното воспитување и образование на учесниците во сообраќајот и развивање на сообраќајно-образовната дејност на предучилишните установи и училишта;
- остварување на соработка и координација во превентивната работа на државните органи, институции, правните лица и другите субјекти по прашањата на самозаштита во областа на сообраќајот на патиштата;
- организирање и учество во сообраќајно-воспитни акции и манифестации од областа на сообраќајната превентива;
- потикнување, развивање и помагање на научно-истражувачка работа во областа на сообраќајот на патиштата;
- набавка и издавање на сообраќајно-воспитни публикации, филмови и слично;
- организирање на научни и стручни собири за работа од обпаста на безбедноста на патниот сообраќајот и
- соработка со средствата за јавно информирање, заради навремено, целосно и објективно информирање на јавноста за мерките за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста на сообраќајот.

## ➢ ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА МАКЕДОНСКИ БРОД

Полициската станица Македонски Брод (Одделение за внатрешни работи Македонски Брод - ОВР МБ) е надлежна за спроведување на Законот за безбедност на сообраќај на патиштата и законските одредби, вклучително и надзор над почитувањето на режимот на сообраќајот на патиштата, сообраќајните правила и сообраќајните знаци. Во рамки на Полициската станица на Македонски Брод постои Полициско Одделение за безбедност во патниот сообраќај (ПО за БПС) кое е одговорно за задачи поврзани со истраги на сообраќајни несреќи, собирање и управување со податоци за сообраќајни несреќи, регистрација на возила, периодични технички прегледи (ПТП) за возила, инспекции на автошколи и возачки тестови.

Сообраќајната полиција при Министерството за внатрешни работи е одговорна за спроведување на законот и безбедноста на патиштата.

## ➢ ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Службата за итна медицинска помош е дел од Министерството за здравство и има надлежност да се грижи и лекува лица повредени во сообраќајни незгоди и нивна рехабилитација. Главната задача на брзата помош ќе биде брзо и ефикасно да реагира на повиците, да користи различни видови на амбулантни возила и да дава медицински услуги на лице место или да го транспортира пациентот во болница.

Улогата на службите за итни случаи во локалниот систем за безбедност во сообраќајот е да обезбеди ефикасна и висококвалитетна помош и заштита на сите учесници во сообраќајот. Тие се одговорни и за собирање и управување со податоци поврзани со жртви и повреди во сообраќајни незгоди.

Во поглед на примарната здравствена заштита, во Општина Македонски Брод има само еден здравствен дом во градот Македонски Брод со една амбуланта во Пласница и две

амбуланти во Самоков. Здравствениот дом има повеќе пунктови, и тоа во селата Растеш, Белица, Манастирец и по потреба низ другите рурални населби. Во самата општина нема специјализирани болници. Примарната здравствена заштита е приватизирана и сите се посебни правни субјекти (вкупно 7), од кои 5 (пет) во Здравствениот дом во Македонски Брод, една во Здравствениот дом во село Преглово и една во село Самоков. Во Македонски Брод нема доволно медицински специјалисти, при што се чувствува најголем недостиг на ортопед, педијатар и невропсихијатар. Во рамки на Здравствениот Дом има еден рендгенолог по договор на дело и со работно време само во претпладневите часови.

Бројот на вработени лекари во примарната здравствена заштита не ги задоволува потребите на граѓаните.

### ➢ ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА МАКЕДОНСКИ БРОД

Територијалната противпожарна единица е единица во рамки и под надлежност на општината. Ги врши следните работи:

- гаснење на пожари на подрачјето на општината;
- одстранување на непосредната опасност за настанување на пожари;
- спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозерни од пожари и експлозии;
- укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
- извршување на други работи при несреќи и непогоди;
- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа кои не го оневозмижуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;
- заедно со територијалните противпожарни единици на општините во република Македонија утврдени со Закон, дејствуваат како противпожарни единици на РМ заради оперативно делување при гаснењето на големи пожари на целата територија на РМ;
- водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствена методологија и известување на дирекцијата за заштита и спасување и општина Македонски Брод;
- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага територијалната противпожарна единица;
- тековна поправка и оджување на механиката;
- давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации во координација со Минисерството за внатрешни работи;
- врши обука од областа на противпожарната заштита на припадници на АРМ;
- едукација на грѓаните за заштита од пожари, преку организација на предавања преку медиуми и организирање на дуги активности;
- врши и други работи кои ќе и бидат доверени.

Оваа противпожарна единица не излегува на терен во случај на сообраќајни незгоди бидејќи ја нема потребната опрема и обука потребна за спасувачка служба од сообраќајни незгоди. Важно е да се нагласи дека обуката на пожарникарите, соодветната опрема на противпожарните возила и координацијата со другите релевантни институции се клучни за

постигнување ефикасна работа. Во овој момент Противпожарната единица брои вкупно 12 пожарникари.

- **ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВАТА (ЗЕЛС)**

Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС) е главното тело кое се обидува да влијае на одредени прашања во име на општините, ги застапува нивните интереси и може да обезбеди форум за интегрирано планирање и развој на политики во областа на безбедноста на патиштата.

ЗЕЛС има мрежа на инспектори за патен сообраќај и патишта во сите единици на локалната самоуправа во државата и градот Скопје. Оваа мрежа може да се користи за водење на активности за безбедност на патиштата (на пр. споделување на најдобри практики, заедничка обука, итн.).

- **ПРЕДУЧИЛИШНИ ИНСТИТУЦИИ И УЧИЛИШТА**

Предучилишните установи и училиштата играат клучна улога во формирањето и развојот на децата, преку обезбедување обука за стекнување на потребните знаења и вештини за безбедно учество во сообраќајот. Постојат основни програми за безбедност на патиштата вклучени во наставната програма кога зборуваме за основни училишта кои поддржуваат стекнување на основни знаења за безбедноста на патиштата, како што е концептот како и каде безбедно да се помине патот. Постојните програми се повеќе теоретски отколку практични. Ваквите програми се дури и на пониско ниво во градинките и средните училишта, со многу ограничен број лекции/теми за безбедност на патиштата годишно. Тоа значи дека не постои сеопфатен и систематски систем на сообраќајно воспитување што почнува од градинка, а завршува во автошколи. Едукацијата на наставниците за безбедност на патиштата делумно постои преку нивниот редовен образовен систем, но не постои систем за континуирано и пошироко подобрување на знаењата/вештините за безбедност на патиштата на наставниците во текот на нивната кариера.

Предучилишните установи и училиштата често соработуваат со полицијата и други надлежни институции при организирање и спроведување на програми за едукација и обука на децата, со цел да се обезбеди нивната безбедност во сообраќајот. Овие активности помагаат да се намали бројот на сообраќајни незгоди и да се зголеми безбедноста на децата во сообраќајот.

Во однос на образовните институции, општината Македонски Брод има само една јавна градинка, 1 (едно) основно училиште ООУ „Св.Климент Охридски“ и 7 (седум) подрачни училишта и тоа: ПУ с.Самоков, ПУ с.Манастирец, ПУ с.Требино, ПУ с.Суводол, ПУ с.Брест, ПУ с.Косово и ПУ с.Црешнево. Постојат и два интернати и тоа во: градот Македонски Брод за ученици во средно образование и интернат во с.Манастирец за ученици во основно образование. Во општината постои едно јавно средно училиште (гимназијата „Св. Наум Охридски“) сместено во Македонски Брод.

## ➢ ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕДИ И АВТОШКОЛИ

Техничките прегледи се процеси кои се спроведуваат за проверка и утврдување дали возилата исполнуваат одредени стандарди за безбедно учество во сообраќајот. Техничките прегледи се регулирани со закони и стандарди кои го регулираат сообраќајот и безбедноста во сообраќајот. На територијата на општина Македонски Брод има 1 станица за технички преглед.

Покрај тоа што техничките прегледи помагаат возилата да ги исполнуваат пропишаните стандарди и со тоа да ја зголемат безбедноста на учесниците во сообраќајот, тие играат важна улога во намалувањето на штетното влијание на возилата врз животната средина, преку контрола на емисијата на штетни гасови и други материи.

На територијата на општина Македонски Брод нема автошколи.

## ➢ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА

Македонскиот автомобилски сојуз како здружение на возачи има законски овластувања и работи во интерес на возачите. АМСМ е одговорен за информирање на возачите за состојбите на патиштата, за издавање меѓународни документи за возачи и возила, соработува со слични здруженија во други земји, соработува со FIA и други меѓународни организации, им помага на возачите во случај на дефект на возилото на патот, спроведува одредени кампањи за возачи итн.

Невладините организации со активности во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата се важен дел од секое граѓанско општество и играат важна улога во безбедноста на патиштата.

Најзначаен сегмент од работата на Македонскиот автомобилски сојуз и невладините организации со активности од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата е реализацијата на проекти насочени кон подобрување на безбедноста во сообраќајот на локално ниво преку превентивни активности, како на пр. спроведување на кампањи, форуми, едукација и сл**.**

**Сите горенаведени субјекти за безбедност во сообраќајот имаат свои улоги во процесот на подобрување на безбедноста во сообраќајот на територијата на општина Македонски Брод.**
**Бидејќи улогата на локалниот Совет за безбедност во сообраќајот е да иницира, организира, следи и координира работата на институциите за безбедност во сообраќајот на локално ниво, како и воспоставување соработка со националните институции надлежни за безбедност во сообраќајот, неопходно е претставниците од сите институции на локално ниво кои имаат влијание врз безбедноста во сообраќајот, да бидат дел од Локалниот совет за безбедност во сообраќајот на општина Македонски Брод.**

## 1.5 Прибирање на податоци и поседување на база на податоци од важност за безбедноста во сообраќајот

Во Република Северна Македонија, следењето на безбедноста во сообраќајот главно се врши преку Министерството за внатрешни работи, кое е главен извор на податоци за безбедноста на патиштата. Во пракса тоа значи дека податоците за безбедноста на патиштата главно се сведуваат на податоци за сообраќајните несреќи и нивните последици. Податоците за безбедноста во сообраќајот не се јавно достапни, но сите барања за безбедност на патиштата ги обработува Секторот за аналитика на Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија.

Јавното претпријатие за државни патишта управува со одредени податоци за безбедноста на патиштата, како што е рејтингот на патиштата добиен преку проектот iRAP. Јавното претпријатие за државни патишта има отворена и достапна WEB GIS апликација со главните патни ориентирани податоци за државните патишта. Податоците за просечен годишен дневен сообраќај (ПГДС) се еден од податоците поврзани со безбедноста на патиштата кои Јавното претпријатие за државни патишта редовно ги следи, но овие податоци може да се добијат на барање на други институции и организации.

Од друга страна, на територијата на општина Македонски Брод не постои база на податоци во која може да се најдат податоци значајни за следење на состојбата на безбедноста во сообраќајот, како што се податоци за локални патишта/улици, катастар на сообраќајни знаци, регулирање на сообраќајот, ризици по населено место, црни точки на локално ниво, најопасните делници на локално ниво, број на училишта и ученици, индикатори за успешност на безбедноста на патиштата (главно поврзани со однесувањето на учесниците во сообраќајот) итн.

## 1.6 Изложеност на сообраќајот, култура и навики

За адекватно разбирање на безбедноста на патиштата на територијата на општината, важно е да се разбере изложеноста на сообраќајот (број на возила, број на возачи, број на километри на возилото по различни видови на транспорт, годишни, неделни и дневни варијации во обемот на сообраќај и сл.), нивото на знаење и култура (општа и сообраќајна култура) и заеднички ставови и навики од важност за безбедноста во сообраќајот, но овие податоци не се истражуваат на територијата на општина Македонски Брод.

## 1.7 Индикатори за безбедност во сообраќајот – моментална состојба

Индикатори за безбедност во сообраќајот многу добро можат да укажат на главните безбедносни проблеми во сообраќајот на општинско ниво. Сепак, индикаторите за безбедност во сообраќајот не се собираат на национално или локално ниво. Во моментов, не постои институција задолжена за собирање и анализа на овие податоци и објавување на добиените резултати.

## 1.8 Конечни исходи за безбедноста на патиштата (сообраќајни несреќи, жртви, повредени, вкупни социо-економски трошоци од сообраќајни несреќи) - моментална состојба и трендови

За да се разбере големината на проблемот за безбедноста во сообраќајот на територијата на општина Македонски Брод, потребно е да се анализираат карактеристиките на безбедноста во сообраќајот како што се сообраќајните незгоди, последиците од сообраќајните незгоди, како и трендовите.

Податоци за сообраќајни незгоди и последиците од нив во периодот од 2017. до 2022. година се добиени од ПО за БПС-Македонски Брод.




*Графикон 4 - Соодност на бројот на загинати, тешко повредени и вкупниот број на сообраќајни незгоди за периодот 2017-2022 година*

Од анализата се констатира дека вкупниот број на сообраќајни несреќи (СН) во периодот од 2017 до 2022 година варирал и дека најголем број сообраќајни незгоди се забележани во 2022 година (33). Бројот на загинати (ПОГ) стагнира низ годините (1), а во 2022 година изнесува 0. Бројот на тешко телесно повредени (ТТП) лица варирал во набљудуваниот период, а најголем број е забележан и во 2022 година и изнесува 5.

Преку детална анализа на сообраќајните незгоди, важно е да се добијат одговори на прашањата кој е најзагрозен во сообраќајот во општината, каде се случуваат несреќи, за какви видови несреќи станува збор, што влијае на појавата на сообраќајни незгоди, кои однесувања придонесуваат за посериозни последици од сообраќајни незгоди и сл.

Во следниот дел се прикажани најзначајните податоци за сообраќајните незгоди што се случиле на територијата на општина Македонски Брод, додека подетални податоци за сообраќајните незгоди може да се видат во Анексот.




*Графикон 5 - Број на сообраќајни незгоди по последици за периодот 2017 - 2022 година*

Анализата покажува дека вкупниот број на сообраќајни незгоди варира во текот на годините за набљудуваниот период 2017-2022 година (Графикон 5). Бројот на сообраќајни незгоди кои резултираат со смртни случаи кај учесниците, стагнира во набљудуваниот период, додека бројот на сообраќајни незгоди со тешки телесни повреди (ТТП), телесни повреди (ТП) и материјална штета (МШ) варираше во набљудуваниот период. Најголем број сообраќајни незгоди со последица материјална штета се случиле во 2022 година, а тој број изнесува 24.




*Графикон 6 - Број на сообраќајни незгоди по причини за периодот 2017 - 2022 година.*

Преку понатамошна анализа на податоците добиени од ПО за БПС Македонски Брод (Графикон 6), доаѓаме до заклучок дека најчеста причина за сообраќајни незгоди на територијата на општина Македонски Брод е непочитувањето на ограничувањата на брзината (брзо возење). Бројот на сообраќајни незгоди што се случиле како резултат на непочитување на дозволената брзина пораснал во набљудуваниот период. Други најчести и загрижувачки причини кои придонесуваат за настанување на сообраќајните несреќи на анализираното подрачје се и непочитување на страната на движење. Најголем број на сообраќајни несреќи каде како причина се јавува непочитување на страната на движење се регистрирани во 2018 каде тој број е 12. (Графикон 6).

**Каде се наоѓа општина Македонски Брод во споредба со другите општини во Северна Македонија?**

Врз основа на податоците добиени од МВР - сообраќајната полиција за период 2019-2021 година, може да се забележи дека општина Македонски Брод се наоѓа на 61 место по број на сообраќајни незгоди во однос на останатите општини во 2021 година (Графикон 7).




*Графикон 7 - Број на сообраќајни незгоди во општините во Република Северна Македонија, 2021 година.*

Општина Македонски Брод има јавна пондерирана вредност на ризик **од 163,29 на 10.000 жители** и со таа вредност е на **26 место** во однос на останатите 80 општини во Северна Македонија со кои е направена споредбата. Имено, со наведената вредност на јавниот пондериран ризик од страдање, општина Македонски Брод спаѓа во општините со помала до средна вредност на овој ризик (Графикон 8).




*Графикон 8 - Вредностите на јавниот пондериран ризик од страдање на општините во Република Северна Македонија, 2021 година*

Кога се гледа вредноста на сообраќајно пондерираната опасност од повреда (Графикон 9), се доаѓа до заклучок дека општина Македонски Брод спаѓа во општините со помала до средна вредност на овој ризик. Поточно, вредноста на сообраќајно пондерираната опасност од повреда на територијата на општина Македонски Брод е **66.14 на 1000 регистрирани моторни возила** и со таа вредност е на **23 место** по пондерирана ризична вредност на местото во однос на останатите 80 општини во Северна Македонија со кои е направена споредбата.




*Графикон 9 - Вредности на сообраќајно пондерираниот ризик од повреда по општини во Република Северна Македонија, 2021 година*

**Кои се најчести жртви во сообраќајни несреќи?**

Анализата на сообраќајните незгоди со повредени лица (Графикон 10) за 2020 и 2021 година (подетални податоци добиени од МВР - сообраќајна полиција) покажува дека најмногу повредени лица, односно 22% од сите повредени лица припаѓаат на возрасната категорија од 55 до 64 години. Втората најзастапена група учесници во сообраќајни незгоди припаѓа на возрасната група од 25-34 години (18%), а нешто помал процент имаат лицата од 15-24 години (15%) и 35-44 години (15%). Меѓутоа, ако се гледаат заедно, првите три возрасни категории на учесници во сообраќајот се доминантни.




*Графикон 10 - Распределба на жртвите кои учествувале во сообраќајни незгоди според возрасни категории, на територијата на општина Македонски Брод во периодот од 2020 до 2021 година*

Во следниот текст (Графикон 11) е прикажана распределбата на лица по улогата односно својството при учество во сообраќајот за период 2020 - 2021 година. Најголем број лица учествувале во својството на возач на моторно возило (54) што претставува повеќе од половина од вкупниот број на лица (64%), а потоа следат патниците на предните седишта (21), кои сочинуваат четвртина од лицата (25%) и патниците на задните седишта (5), кои сочинуваат (6%). Во набљудуваниот период пешаците имаат учество од 1%.




*Графикон 11 - Распределба на повредени учесници според природата на учество во сообраќајот, општина Македонски Брод, во периодот од 2020 до 2021 година*

## НАЈРАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА УЧЕСНИЦИ ВО СООБРАЌАЈ

Врз основа на анализата на сообраќајните незгоди и нивните последици во периодот од 2020 до 2021 година, најранливите групи учесници во сообраќајот на територијата на општина Македонски Брод се:

- **Лица од 55 до 64 години,**
- **Лица од 25 до 34 години и**
- **Лица од 15 до 24 / 35 до 44.**

---



Како најранливи учесници во сообраќајот се истакнаа постарите учесници во сообраќајот (55-64), односно 22% од сите повредени лица.

**Учесниците од наведената возрасна група најчесто учествувале во сообраќајни незгоди како возачи и патниците од моторни возила.**

Исто така, лицата на возраст од 25-34 години се ранлива група. Може да се забележи дека тие претставуваат 18% од вкупниот број жртви вклучени во сообраќајни незгоди.

Потоа следат возрасните групи од 15 до 24 години и од 35 до 44 години, кои се подеднакво застапени во вкупниот број сообраќајни незгоди (15%).





Најмладите учесници во сообраќајот (0-14) се најмалку ранливата категорија кога се гледа вкупниот број на жртви (4% од вкупниот број жртви). Бројот на сообраќајни незгоди во кои учествувале лица од наведената возрасна група изнесува 3.

**Во овие сообраќајки нема повредени.**

## КАКО ЛУЃЕТО СТРАДААТ ВО СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ?

На следниот графикон е прикажана распределбата на лицата кои учествувале во сообраќајни незгоди според видот на несреќата на територијата на општина Македонски Брод, што се случила на локалниот пат, улица и булевар, во периодот од 2020. до 2021. година (Графикон 12).




*Графикон 12 - Распределба на жртвите кои учествувале во сообраќајни незгоди според видот на несреќата на територијата на општина Македонски Брод, што се случила на локалниот пат, улица и булевар, во периодот од 2020. до 2021. година*







СН со едно возило
**25 СН**:
0 ПОГ, 1 ТТП, 6 ЛТП

СН со најмалку две возила – без пренасочување
**7 СН:**
1 ПОГ, 0 ТТП, 1 ЛТП

СН со најмалку две возила – вртење или преминување
**3 СН:**
0 ПОГ, 1 ТТП, 0 ЛТП





**Најтешки последици се забележани во сообраќајни незгоди со пешаци и со најмалку две возила – без пренасочување.**
**(2 ПОГ лицата)**

Во Северна Македонија, сè уште не е усвоена официјална оценка за севкупните социо-економски последици од сообраќајните незгоди, а тоа придонесува за слабото разбирање на важноста на безбедноста на патиштата од страна на носителите на одлуки и заедницата.

**Профилот на земјата за безбедност на патиштата WB GRSF за 2016 година**, како посигурна година (без влијанието на пандемијата на Ковид 19 врз безбедноста на патиштата), **укажува на економска загуба од сообраќајни несреќи од околу 229 милиони УСД или 2,1 отсто од БДП**. Овој факт ја покажува големината на размерите и значењето на проблемот со безбедноста на патиштата за економијата на Северна Македонија, како и за општеството воопшто.

## 1.9 Главните проблеми со безбедноста на патиштата кои треба да се решат во следниот период

Врз основа на детална анализа на моменталната состојба на територијата на општина Македонски Брод, како по основ на сообраќајни несреќи, така по основ на стручното мислење на клучните субјекти во општината, може да се издвојат најголемите проблеми од безбедноста во сообраќајот, кои треба да се решат во наредниот период. Детектираните проблеми се групирани според УН столбовите на безбедноста во сообраќајот.

Утврдените проблеми поврзани со **организацијата и управувањето со безбедноста во сообраќајот** се:

- недостаток на стратешка работна рамка и долгорочно планирање на активностите за безбедност во сообраќајот (не постоење на Стратегија и Акционен план за безбедност во сообраќајот, а со тоа и цели за безбедност во сообраќајот. Отсуство на Годишна програма за работа во областа на безбедноста во сообраќајот на ниво на општина),
- општинскиот совет за безбедност во сообраќајот не работи (претходниот совет беше со мандат од 2018 до 2022),
- недостаток на систематско управување со безбедноста во сообраќајот врз основа на податоци (нема истражувања/податоци за индикатори за безбедност во сообраќајот: процент на пречекорена брзина во сообраќајот, процент на користење на безбедносен појас, процент на користење на заштитна кацига, процент на користење на заштитни седишта, процент на возачи под дејство на алкохол, процент на користење на мобилен телефон во сообраќај, и сл),
- недоволен број на обучени стручни лица за професионален пристап во работата во областа на безбедноста во сообраќајот,
- отсуство на вертикална координација со Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата (РСБСП),
- хоризонталната соработка (сообраќајна полиција, управување со локални патишта, образование и сл.) постои, но има простор за подобрување на истата,
- недоволно извори на финансирање на работата во областа на безбедноста во сообраќајот од РСБСП, ниту од општината, освен мал дел поврзан со одржување на улиците.

Констатираните проблеми кои се однесуваат на **безбедноста на патната инфраструктура** се:

- управувањето на патиштата не функционира во пракса, делот за зимско одржување го врши комуналното претпријатие,
- недостаток на јасно и транспарентно планирање и финансирање за подобрување на безбедноста на локалната патна и улична инфраструктура,
- недостаток на соодветна база на податоци за локалните патишта и улици, патна опрема, сообраќајна сигнализација (база на податоци ориентирана кон ГИС),
- застарен систем на проектирање, изградба и одржување на патиштата без примена на современи алатки за подобрување на безбедноста во сообраќајот (проверка на безбедноста во сообраќајот, мапирање на ризик, управување со црни точки, длабинска анализа на сообраќајни незгоди со најтешки последици, ревизија на безбедноста во сообраќајот, ...),
- недостаток на обучен стручен кадар за примена и следење на примената на современи алатки за подобрување на безбедноста во сообраќајот,
- нема управување со брзината освен со сообраќајни знаци (нема лежечки полицајци ниту во зоната на основното училиште),
- нема автобуски постојки,
- паркингот не е организиран,
- сообраќајната сигнализација (хоризонтална и вертикална) е во незадоволителна состојба,
- мала ширина на коловозна конструкција на локални патишта,
- уништување на шумски и локални патишта поради преоптоварување од камиони натоварени со дрва.

Проблемите кои се констатирани, а се поврзани со **безбедноста на возилата** се:

- постар возен парк,
- постоење на неосветлени и необележани возила во сообраќајот (трактори, камиони, мопеди, велосипеди, работни машини),
- мал процент на возила со доволно елементи на активна и пасивна безбедност на возилата,
- недоволно познавање од страна на возачот за важноста од безбедно возило, односно за големината на влијанието на неисправно возило при појава на сообраќајна незгода,

Констатирани проблеми поврзани со **безбедноста на учесниците во сообраќајот** се:

- недоволно почитување на прописите од страна на учесниците во сообраќајот (првенствено проблеми поврзани со брзината, употребата на безбедносните појаси, итн.),
- ниско ниво на свест за потребата од безбедно однесување во сообраќајот,
- недоволно сеопфатна програма за сообраќајно образование и воспитание во системот на предучилишно, основно и средно образование, што е проблем препознаен и на национално ниво,

- недоволни активности насочени кон зголемување на безбедноста на младите учесници во сообраќајот, како и постарите учесници во сообраќајот (едукации, форуми, кампањи, ...),
- нема локални кампањи насочени кон промена (подобрување) на знаењето, ставовите и однесувањето на учесниците во сообраќајот (недостаток јавна промоција на важноста на безбедноста и ризиците на учесниците во сообраќајот).

Проблемите кои се препознаени и поврзани со **грижата по сообраќајна незгода** се:

- просечното време на одговор на итната медицинска помош на територијата на општината е непознато,
- противпожарните екипи не се соодветно опремени и обучени да реагираат во случај на сериозни сообраќајни незгоди,
- треба да се дополни опремата на амбулантите,
- немало заеднички вежби на спасувачките служби,
- не е познато просечното време на транспортирање на повредените од местото на несреќата до болница,
- во општината има здравствен дом со основна дијагностика и опрема (отворена до 14:00 часот).

# 2. БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТИШТАТА - ПОСАКУВАНА СИТУАЦИЈА

## 2.1 Амбиција, мисија и визија за безбедност на патиштата



***АМБИЦИЈА***

***Да се постигнат најдобри резултати во областа на безбедноста во сообраќајот во споредба со другите помали општини во Република Северна Македонија.***



***МИСИЈА***

***Воспоставување на функционален и одржлив систем за управување со безбедноста во сообраќајот.***



***ВИЗИЈА***

***Општина Македонски Брод - општина со најдобри резултати во намалувањето на жртвите во Република Северна Македонија во наредниот период.***

## 2.2 Цели за безбедност на патиштата насочени кон подобрување на системот за безбедност на патиштата (капацитет и интегритет на главните чинители, организација, координација и соработка)

За да биде функционален системот за безбедност во сообраќајот, неопходно е да постои капацитет на општинско ниво во однос на клучните чинители и вработени на територијата на општината, чија задача е да работат на подобрување на безбедноста во сообраќајот. Поради оваа причина, неопходна е координација и соработка помеѓу различни засегнати страни. Затоа, важно е овие тела да имаат капацитет, интегритет и овластување да иницираат индивидуални или заеднички активности предвидени во стратешките документи.

Дефинираните цели во оваа Стратегија за безбедност во сообраќајот, а кои се однесуваат на подобрување на **системот за безбедност во сообраќајот**, се:

- Воспоставување стратешка работна рамка и долгорочно планирање на активностите за безбедност во сообраќајот (Донесување на стратегија за безбедност во сообраќајот и акционен план за безбедност во сообраќајот за неколку години, како и постоењето на Годишна програма за работа во областа на безбедноста во сообраќајот на ниво на општина),
- Формирање на општински совет за безбедност во сообраќајот,
- Управување со безбедноста во сообраќајот врз основа на податоци на општинско ниво. Воспоставена база на податоци за безбедносни карактеристики во сообраќајот (патишта, сообраќајни незгоди, индикатори, ставови, анализи),
- Доволен број на обучени професионалци за професионален пристап во работата во областа на безбедноста во сообраќајот,
- Воспоставување вертикална координација со РСБСП,
- Подобрување на хоризонталната координација на клучни субјекти поврзани со безбедност во сообраќајот во општината,
- Донесен јасен модел на финансирање на безбедноста во сообраќајот на ниво на општина со транспарентно трошење на средствата и транспарентна анализа на односот помеѓу вложените средства и постигнатите ефекти.

## 2.3 Цели за безбедност на патиштата насочени кон подобрување на знаењето, свеста и ставовите од важност за безбедноста на патиштата

Дефинираните цели во рамките на оваа Стратегија за безбедност во сообраќајот, а кои се однесуваат на подобрување на знаењето, ставовите и однесувањето важни за безбедноста во сообраќајот, се:

- Високо ниво на свест за потребата од безбедно однесување во сообраќајот,
- Спроведено истражување и познати податоци за индикаторите за безбедност во сообраќајот (процент на пребрзо возење, процент на употреба на појас, процент на употреба на кацига, процент на употреба на заштитни седишта, процент на возачи в алкохолизирана состојба, процент на употреба на мобилни телефони итн.). Врз основа на резултатите од истражувањето, дефинирани мерки,
- Постојана и сеопфатна програма за сообраќајно образование и воспитание во системот на предучилишно, основно и средно образование, што е посакуваната состојба и на национално ниво,
- Спроведување на континуирани активности насочени кон зголемување на безбедноста на младите учесници во сообраќајот, како и постарите учесници во сообраќајот (едукации, трибини, кампањи, ...),
- Спроведување на периодични ефективни медиумски кампањи од областа на безбедноста во сообраќајот во општината, врз основа на идентификување на проблемите со безбедноста во сообраќајот во општина,
- Постоење на обучен стручен кадар за примена и следење на примената на современи алатки за подобрување на безбедноста во сообраќајот,

- Висок степен на знаење на возачот за важноста на безбедно возило, односно за големината на влијанието на неисправно возило при појава на сообраќајна незгода,
- Доволен број обуки кои периодично се спроведуваат со цел да се подобри координираното делување на итните служби кои дејствуваат по сообраќајна незгода (полиција, противпожарна служба, итната медицинска помош, ...).

## 2.4 Цели и задачи за безбедност на патиштата во однос на евентуалните средни исходи

Бидејќи на територијата на општина Македонски Брод не е воспоставен мониторинг на индикаторите за безбедност во сообраќајот, сегашната состојба не може да се постави врз основа на индикаторите за безбедност во сообраќајот поврзани со однесувањето на учесниците во сообраќајот, и затоа не може да се дефинира посакуваната безбедносна состојба во сообраќајот врз основа на вредностите на овие индикатори.

Дефинираните цели во рамките на оваа Стратегија за безбедност во сообраќајот, а кои се однесуваат на индикаторите за безбедност во сообраќајот, се:

- Воспоставување мониторинг на индикаторите за безбедност во сообраќајот, следење на индикаторите за безбедност во сообраќајот на општинско ниво на годишно ниво (пред сè индикатори поврзани со употребата на сигурносни појаси, употреба на системи за врзување деца во возилото, индикатори поврзани со брзината, индикатори поврзани на однесувањето на пешаците, индикатори поврзани со возење под дејство на алкохол, ...).

## 2.5 Цели и задачи за безбедност на патиштата во однос на евентуалните конечни исходи

Со донесувањето на Стратегијата се овозможува стратешко управување со безбедноста во сообраќајот на локално ниво (што е една од целите само по себе), а кое воедно служи за постигнување на следните цели:

**Цел 1**
- Намалување на бројот на загинати во сообраќајни незгоди на 0 смртни случаи до 2027. година.

**Цел 2**
- Нула смртни случаи во сообраќајни несреќи до 2030. година.

**Цел 3**
- Намалување на бројот на тешко повредени лица во сообраќајни незгоди за 25% до 2027 година во однос на 2022 година.

**Цел 4**
- Намалување на бројот на тешко повредени лица во сообраќајни незгоди за 50% до 2030 година, споредено со 2022 година.

Следните дијаграми го прикажуваат очекуваното намалување на бројот на жртви во сообраќајни незгоди доколку се следи предвидениот тренд на бројот на жртви на територијата на општина Македонски Брод. На дијаграмите е прикажана и референтна

вредност која го претставува нивото што би се постигнало, односно одржувало доколку нема стратешки мерки и активности насочени кон подобрување на безбедноста во сообраќајот.

Намалувањето на бројот на загинати и тешко повредени лица во сообраќајни незгоди се заснова на принципот секоја година да се забележува промена на овие вредности (во форма на зголемување или намалување) во однос на референтната вредност. Бидејќи се работи за мал примерок на сообраќајни незгоди и нивните последици, следниот дијаграм е поилустративен.

Се зема во предвид целта на Стратегијата за безбедност во сообраќајот во општина Македонски Брод во 2027 .година да има 0 смртно настрадни лица во сообраќајни несреќи. (Графикон 13). По 2027 година потребно е да се продолжи со работа на безбедноста во сообраќајот и следење на резултатите за да се постигне целта од 0 (нула) смртни случаи во сообраќајни несреќи до 2030 година.




*Графикон 13 - Проценка на бројот на загинати и постигнување на целта за намалување на бројот на жртви*




*Графикон 14 - Проценка на бројот на тешко повредени лица и постигнување на целта за намалување на бројот на тешко повредени лица*

Доколку општина Македонски Брод успее до 2027 година да воспостави тренд на намалување на бројот на тешко повредени лица во сообраќајни незгоди и ја постигне целта до 2027 година да има 25% помалку тешко повредени лица во сообраќајни незгоди во однос на 2022 година, како и целта дека до 2030 година има 50% помалку тешко повредени во споредба со 2022 година, можно е да се заштитат најмалку 13 лица од тешки телесни повреди (Графикон 14).

# 3. КЛУЧНИ ОБЛАСТИ НА РАБОТА – КЛАСИФИЦИРАНИ МЕРКИ И ДЕЈСТВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТОТ

По детална анализа на моменталната состојба на безбедноста во сообраќајот и договор на експертите и пошироката јавност за главните безбедносни проблеми во сообраќајот кои треба да се решат, дефинирани се клучните области на работа во наредниот период со цел да се реши идентификуваниот сообраќај безбедносни проблеми и постигнување на поставените цели.

Мерките се идентификувани врз основа на моменталната и посакуваната состојба на безбедноста во сообраќајот во општина Македонски Брод.

## 3.1 Класификација на мерките за безбедност на патиштата според 5 елементи за безбедност на патиштата идентификувани преку безбеден пристап на системот

1. **Мерки за подобрување на организацијата и управувањето со безбедноста на патиштата:**
    - Донесување на Стратегија за безбедност во сообраќајот и Акционен план за безбедност во сообраќајот на општина. Дефинирање на Годишна програма за работа во областа на безбедноста во сообраќајот на ниво на општина, согласно Стратегијата и Акциониот план,
    - Донесена е одлуката за формирање на општински совет за безбедност во сообраќајот,
    - Воспоставување на база на податоци за безбедносни карактеристики во сообраќајот на територијата на општина со цел подобрување на квалитетот на работата и управувањето со безбедноста во сообраќајот. Воспоставување мониторинг на индикаторите за успешност на безбедноста во сообраќајот. Ориентација на безбедносните активности во сообраќајот кон идентификувани ранливи категории учесници во сообраќајот и идентификувани безбедносни проблеми во сообраќајот на ниво на општина,
    - Зголемување на бројот на обучени професионалци за професионален пристап во работата во областа на безбедноста во сообраќајот,
    - Воспоставена постојана координација со РСБСП,
    - Подобрена хоризонталната координација помеѓу клучните субјекти од безбедност во сообраќајот во општината,
    - Обезбедување стабилно финансирање на работата во безбедноста во сообраќајот, транспарентно трошење на средствата и транспарентна анализа на односот на вложените средства и постигнатите ефекти.

2. **Мерки за подобрување на патиштата:**
    - Воспоставување на функционален и одговорен управител на локални патишта,
    - Обезбедување постојано финансирање на мерките и активностите од областа на подобрување на безбедноста на патиштата, транспарентно трошење на средствата и транспарентна анализа на односот на вложените средства и постигнатите ефекти,

- Воспоставување на соодветна база на податоци за локални патишта и улици, патна опрема, сообраќајна сигнализација (ГИС ориентирана база на податоци), која по можност треба да биде поврзана со базата на податоци за безбедносни карактеристики на сообраќајот на територијата на општина,
- Воспоставување на примена на современи алатки за подобрување на безбедноста во сообраќајот (проверка на безбедноста во сообраќајот, мапирање на ризици, управување со црни точки, длабинска анализа на сообраќајни незгоди со најсериозни последици, ревизија на безбедноста во сообраќајот, ...),
- Обука на стручен кадар за примена и следење на примената на современи алатки за подобрување на безбедноста во сообраќајот (планери, дизајнери, инженери,...),
- Изработка на проект за управување со брзината на сообраќајот во општината и негова реализација,
- Изработка на проект за изградба на автобуска постојка и негова реализација,
- Изработка на студија и проект за паркирање во општината и негова реализација,
- Изработка на сообраќаен проект (хоризонтална и вертикална сигнализација) за најважните улици во општината и негова реализација (обележување на пешачки премини),
- Изработка на проект за ниши за проод на возила за најзагрозените локални патишта и реализација на проектот.
- Подобрена контрола на оптоварувањето на возилото.

3. **Мерки за подобрување на возилата:**
   - Кампања за зголемување на знаењето за важноста на безбедно возило (со повисок ЕУРО стандард) за безбедноста на патниците во случај на несреќа,
   - Спроведување постојана промоција и активности за спречување на појава на неосветлени и необележани возила во сообраќајот (трактори, камиони, мопеди, велосипеди, работни машини). По медиумската кампања зголемена контрола на техничката исправност на возилото, особено на осветлувањето на возилата во соработка со полицијата,
   - Спроведување бесплатни акции за проверка на техничката исправност на возилата на општинско ниво. По оваа акција спроведување активности на зголемена контрола на техничката исправност на возилата во соработка со полицијата. Влијае на купување на нови возила опремени со елементи на активна и пасивна безбедност на возилата.

4. **Мерки за подобрување на корисниците на патиштата:**
   - Влијаат на подобрување на свеста, знаењата, ставовите, вештините и однесувањето во сообраќајот на сите учесници во сообраќајот преку промовирање позитивни ставови и обезбедување информации (првенствено проблеми поврзани со брзината, употребата на безбедносните појаси, итн.),
   - Влијание врз подобрување на работата на предучилишните установи и основните училишта во врска со сообраќајното образование на територијата на општина,
   - Спроведување континуирани активности насочени кон зголемување на безбедноста на младите и постарите учесници во сообраќајот (едукации, форуми, кампањи, ...),

- Зголемена контрола на почитувањето на прописите од страна на учесниците во сообраќајот, во соработка со полицијата,
- Јавна промоција на важноста на безбедноста и ризиците на учесниците во сообраќајот на територијата на општина.

5. **Мерки за подобрување на активностите по несреќата**;
    - да се истражи времето на одговор на итна медицинска помош на територијата на општината (помалку од 15 минути),
    - да се набави потребната опрема и обука за противпожарната служба,
    - да се набави потребната опрема за амбулантни возила,
    - да се зголеми бројот на персонал и специјално обучен кадар кој е вклучен во процесот по настанување на сообраќајна незгода за ефикасно и навремено давање прва помош на повредените во сообраќајни незгоди (полиција, противпожарна служба, итната медицинска помош, ... ),
    - да се констатира времето на транспорт на жртвата од местото на несреќата до болницата,
    - да биде обезбедено пасивно дежурство на болницата во општината надвор од работното време.

## 3.2 Класификација на мерките за безбедност на патиштата според идентификувани клучни безбедносни проблеми на патиштата

1. Основни мерки за решавање на проблемот со безбедноста во сообраќајот поврзан со идентификуваната ранлива категорија ученици во сообраќајот **- лица од 55 до 64 години**:
    - Спроведување постојана промоција и активности за спречување на појава на неосветлени и необележани возила во сообраќајот (трактори, камиони, мопеди, велосипеди, работни машини). По медиумската кампања зголемена контрола на техничката исправност на возилото, особено на осветлувањето на возилата во соработка со полицијата,
    - Спроведување бесплатни акции за проверка на техничката исправност на возилата на општинско ниво. По оваа акција спроведување активности на зголемена контрола на техничката исправност на возилата во соработка со полицијата. Влијае на купување на нови возила опремени со елементи на активна и пасивна безбедност на возилата,
    - Влијание на подобрување на свеста, знаењата, ставовите, вештините и однесувањето во сообраќајот на сите учесници во сообраќајот преку промовирање позитивни ставови и обезбедување информации (првенствено проблеми поврзани со брзината, употребата на безбедносните појаси, итн.),
    - Спроведување континуирани активности насочени кон зголемување на безбедноста на постарите учесници во сообраќајот (едукации, форуми, кампањи, ...),
    - Јавна промоција на важноста на безбедноста и ризиците на учесниците во сообраќајот на територијата на општина
    - Зголемена контрола на почитувањето на прописите од страна на учесниците во сообраќајот, во соработка со полицијата,

2. Основни мерки за решавање на проблемот со безбедноста во сообраќајот поврзан со идентификуваната ранлива категорија ученици во сообраќајот **- лица од 25 до 34 години (слично е и за возрасната група од 35-44 години)**:
   - Спроведување постојана промоција и активности за спречување на појава на неосветлени и необележани возила во сообраќајот (трактори, камиони, мопеди, велосипеди, работни машини). По медиумската кампања зголемена контрола на техничката исправност на возилото, особено на осветлувањето на возилата во соработка со полицијата,
   - Спроведување бесплатни акции за проверка на техничката исправност на возилата на општинско ниво. По оваа акција спроведување активности на зголемена контрола на техничката исправност на возилата во соработка со полицијата. Влијае на купување на нови возила опремени со елементи на активна и пасивна безбедност на возилата,
   - Влијаат на подобрување на свеста, знаењата, ставовите, вештините и однесувањето во сообраќајот на сите учесници во сообраќајот преку промовирање позитивни ставови и обезбедување информации (првенствено проблеми поврзани со брзината, употребата на безбедносните појаси, итн.),
   - Зголемена контрола на почитувањето на прописите од страна на учесниците во сообраќајот, во соработка со полицијата
   - Јавна промоција на важноста на безбедноста и ризиците на учесниците во сообраќајот на територијата на општина.

3. Дополнителни мерки за решавање на проблемот со безбедноста во сообраќајот поврзан со идентификуваната ранлива категорија ученици во сообраќајот **- млади од 15 до 24 години,** во споредба со претходната категорија (2):

   - Да се влијае на подобрување на работата на средните училишта во врска со сообраќајното образование на територијата на општина,
   - Спроведување континуирани активности насочени кон зголемување на безбедноста на младите учесници во сообраќајот (едукации, форуми, кампањи, ...),

4. **Мерки за** решавање на проблемот со безбедноста во сообраќајот поврзан со идентификуваната ранлива категорија ученици во сообраќајот - **деца од 0 до 14 години**:
   - Влијание врз најмладата популација преку градење позитивни ставови, влијание на подобрување на свеста, знаењата, ставовите, вештините и однесувањето во сообраќајот на сите учесници во сообраќајот преку промовирање позитивни ставови и обезбедување информации (првенствено проблеми поврзани со брзината, употребата на безбедносните појаси, итн.),
   - Влијание на подобрување на работата на предучилишните установи, основните и средните училишта во врска со сообраќајното образование на територијата на општина,

- Спроведување континуирани активности насочени кон зголемување на безбедноста на младите и постарите учесници во сообраќајот (едукации, форуми, кампањи, ...),
- Зголемена контрола на почитувањето на прописите од страна на учесниците во сообраќајот, во соработка со полицијата,
- Јавна промоција на важноста на безбедноста и ризиците на учесниците во сообраќајот на територијата на општина.

## 3.3 Класификација на мерките за безбедност на патиштата од аспект на засегнати страни

1. Мерки што треба да ги спроведат (управуваат) засегнатите страни - **Општински совет за безбедност во сообраќајот**[6] **– Совет** (по воспоставување на работата и именување на нови членови):
   - Поддршка на работната група (РГ) за изработка на стратешки документи за безбедност во сообраќајот - предлог за СБС и АПБС,
   - Одржување на седницата на Советот,
   - Формирање предлози за вклучување на сите заинтересирани страни,
   - Дефинирање на предлог планот СБС и АПБС,
   - Усвојување на предлог планот на седница на совет,
   - Реализација на јавни набавки дефинирани во рамките на акцискиот план,
   - Посета на домашни и меѓународни професионални конференции на вработените,
   - Обезбедување стручна литература и упатства,
   - Одржување на обука за вработените,
   - Реализација на бесплатни технички прегледи во соработка со техничките прегледи,
   - Спроведување периодични активности - набавка на кампањи, брошури, промотивен материјал,
   - Одржување средби со претставници на стопанството, училишта и сообраќајната полиција за заедничко отпочнување на активностите,
   - Истражување на тековното однесување,
   - Подготвување на лого, билборди и спотови,
   - Подготвување на работни листови за наставниците,
   - Показна вежба на припадниците на итните служби (брза помош, полиција, противпожарно-спасувачки единици), итн.

2. Мерки што треба да ги спроведат (управуваат) засегнатите страни 2 - **Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животна средина**:
   - Реализација на јавни набавки дефинирани во рамките на акцискиот план,

[6] Тоа значи дека засегнатата страна 1 е главниот засегнат, одговорен за надзор на спроведувањето на овие мерки. Многу други засегнати страни обично се вклучени во спроведувањето, но засегнатата страна 1 е одговорна за координација.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр.93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Советот на Општина Македонски Брод го разгледа Извештај - Елаборат за проценета штета од елементарна непогода - ЛИЗГАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ на подрачје на Општина Македонски Брод, на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година, го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештај - Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – ЛИЗГАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ - Самоков

1. Се усвојува Извештај - Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – ЛИЗГАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ на подрачје на Општина Македонски Брод случен во период 24.01.2023 година.
2. Проценетата вредност на штета од елементарна непогода – ЛИЗГАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ изнесува 121.853,00 денари.
3. Составен дел на овој Заклучок е Извештај - Елаборат за проценета штета од елементарна непогода - ЛИЗГАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ, но составен дел на Извештај - Елаборат се и табеларните прегледи.
4. Заклучокот влегува на сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 299/6
31.03.2023 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

# И З В Е Ш Т А Ј – Е Л А Б О Р А Т

за проценета штета од елементарна непогода – **ЛИЗГАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ во село САМОКОВ**

## ОПШТ ДЕЛ

На дел 24.01.2023 год. во село Самоков имаше лизгање на земјиште, во кој целосно беше уништен помошен објект. Со елементарната непогода беше направена штета и пресметана по барање на едно физичко лице на територија на катастарска општина Самоков.
Со примена на Методологија за процена на штета од природни непогоди и други несреќи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.181) се обезбедени принципи и методи за проценка.
Цел на проценатa на штета е утврдување на видот и обемот на штета. Проценката се врши по барање на едно физичко лице на територија на Самоков.
Предмет на процена се директни односно непосредни штета на уништен помошен објект, кој не е осигуран кај осигурителни компани.

Штетата е проценета комисиски и тоа со директен увид во секое средство и благо во сопственост на правни лица, самостојни вршители на дејност и граѓани што претрпеле каква и да е штета. За секое прегледано средство е утврдено дали е оштетено или уништено. За штетите на обртните средства во сопственост на физички лица се пресметува за секој производ поединечно.
Во овој елаборат се врши проценка на **уништен помошен објект**.
Применетите цени во проценатa на штети се обезбедени од страна на Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди и други несреќи во Општина Македонски Брод, од контакти со проценители од осигурителните друштва а претежно цените од пазарот во општината.
Просечните цени од пазарот во моментот на настанување на штета од елементарни непогоди се дадени во образец Ш-08.

## ИЗГОТВУВАЧ НА ИЗВЕШТАЈ-ЕЛАБОРАТ

Изготвувач на Извештајот е Комисија за процена на штета настаната од природна непогода и други несреќи во Општина Македонски Брод во состав:

1. Зоран Новески - дип.градежен инженер
2. Славе Ѓурчиноски - градежен техничар
3. Вања Димоска - дип.по безбедност и финансиска контрола
4. Добре Смилески - дип. земјоделски инженер
5. Марјан Алампиоски – советник
6. Марјан Ѓурчески – советник
7. Анамарија Златеска - советник

Избрани од Советот на Општина Македонски Брод (Одлука од Совет на Општина Македонски Брод бр.18-750/29

РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЦЕНЕТАТА ШТЕТА

Комисијата изврши непосреден увид на сите објекти за кои е побарана проценка и со помош на Методологија за процена на штета од природни непогоди и други несреќи ја утврдува висината.

Проценетата штета е следнава:

- Градежни објекти (помошен објект) – 121.853,00

ЗАВРШЕН ДЕЛ

Овој Елаборат се доставува до Советот на Општина Македонски Брод на разгледување и усвојување. Усвоениот Елаборат од Советот на Општина Македонски Брод се доставува до:
1.Влада на Република Македонија
- Републичка комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи.
2. Државен завод за статистика
Составен дел на Елаборатот се:
Табела 1: Збирен преглед на штети по видови средства и сопственост
Табела 2:Преглед на штети по дејности
Табела 4: Преглед на штети по месни заедници и по сопственост
Табела 5: Преглед на штети по видови и групи на средства во сопственост – приватна
Табела 9: Преглед на штети на неосигурени средства и блага по видови и групи средства во сопственост – приватна
Образец Ш-08: Просечни цени за процена на штети

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди, епидеми и други несреќи во Општина Македонски Брод

Во Македонски Брод
Датум:07.03.2023

Членови на Комисијата

1.Зоран Новески с.р
2.Славе Ѓурчиноски с.р
3.Вања Димоска с.р
4.Добре Смилески с.р
5.Марјан Алампиоски с.р
6.Марјан Ѓурчески с.р
7.Анамарија Златеска с.р

Tabela 1

## ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ ПО ВИДОВИ СРЕДСТВА И СОПСТВЕНОСТ

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **лизгање на земјиште 2023**
Општина

во илјада денари

| | Вкупна штета | | | На средства на правни лица | | | На средства во сопственост на физички лица | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | на оштетени средства | на уништени средства | вкупно | оштетени | уништени | вкупно | оштетени | уништени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| ВКУПНО [1] | | | 121,8 | | | | | | 121,8 |
| ЗЕМЈИШТЕ | | | | | | | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | | | 121.8 | | | | | | 121,8 |
| ОПРЕМА | | | | | | | | | |
| ДОЛГОГОДИ-ШНИ ЗАСАДИ | | | | | | | | | |
| ШУМИ И ДИВЕЧ | | | | | | | | | |
| ДОБИТОЧЕН ФОНД,ПЧЕЛНИ СЕМЕЈСТВА, ЖИВИНА И РИБА | | | | | | | | | |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА ДОБРА КУЛТУРНИ ДОБРА МАТРИЈАЛИ ВО ДОМАЌИНСТВО | | | | | | | | | |
| ДРУГИ СРЕДСТВА И ДОБРА | | | | | | | | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ШТЕТА | | | | | | | | | |
| ШТЕТИ ЗАРАДИ НАМАЛЕНО ПРОИЗВОДСТВО ИЛИ НЕОСТВАРЕН ПРИХОД | | | | | | | | | |
| ШТЕТИ НА СРЕДСТВА МИН.ЗА ОДБРАНА | | | | | | | | | |

[1] Хоризонталните збирови не се согласуваат за износот на трошоците и на индиректните штети, бидејќи овие износи не мошеле да бидат прикажани ниту како оштетени ниту како уништени средства

Табела 2

## ПРЕГЛЕД НА ШТЕТА ПО ДЕЈНОСТИ

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **лизгање на земјиште 2023**
Општина во илјада денари

| НКд рев.2 сектор | Број на едини ци | Вкупно штета 4+5+6+7 | Штета на средства | | трошоци | Штети заради намалено производство или неостварен приход |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | оштетени | уништени | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| вкупно | | 121.8 | | 121.8 | | |
| А земјоделство, шумарство и рибарство | | | | | | |
| Б рударство и вадење камен | | | | | | |
| В преработувачка индустрија | | | | | | |
| Г снабдување со елек.енергија, гас, пареа и климатизација | | | | | | |
| Д снабдување со води;отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околина | | | | | | |
| Ѓ градежништво | | 121.8 | | 121.8 | | |
| Е трговија на големо и мало, поправка на моторни возила и моторцикли | | | | | | |
| Ж транспорт и складирање | | | | | | |
| З Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | | | | | | |
| Ѕ информации и комуникации | | | | | | |
| И финансиски дејности и дејности на осигурување | | | | | | |
| Ј Дејности во врска со недвижен имот | | | | | | |
| К стручни, научни и технички дејности | | | | | | |
| Л административни и поможно услужни дејности | | | | | | |
| Љ Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување | | | | | | |
| М образование | | | | | | |
| Н Дејности за здравствена и социјална заштита | | | | | | |
| Њ уметност, забава и рекреација | | | | | | |
| О други услужни дејности | | | | | | |
| П дејности на домаќинства како работодавачи дејности на домаќинства кои произведуваат разновидна стока и вршат раз.услуги за соп.потреби | | | | | | |
| Р Дејности на екстериторијални организации и тела | | | | | | |
| С Средства во надлежност на мин. За одбрана | | | | | | |
| Национална класификација на дејности НКД Рев.2 | | | | | | |

Табела 4

## ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИ ПО МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И ПО СОПСТВЕНОСТ

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **лизгање на земјиште 2023**
Општина

во илјада денари

| Назив месната заедница | Вкупна штета | | | На правни лица | | | На средства во сопственост на физички лица | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | На оштетени средства | На уништени средства | Вкупно | оштетени | уништени | Вкупно | оштетени | уништени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| **ВКУПНО**<br>самоков | 121.8 | | 121.8 | | | | 121.8 | | 121.8 |
| | | | | | | | | | |

Табела 5:

## ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ ПО ВИДОВИ И ГРУПИ НА СРЕДСТВАТА ВО СОПСТВЕНОСТ- сопственост на физички лица

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **лизгање на земјиште 2023**
Општина

| | Единица на мера | Количество | | Износ на штетата во денари | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | оштетена | уништена | На оштетени средства | На уништени средства | Вкупно (5+6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ВКУПНО | | | 1 | | **121,8** | **121,8** |
| ЗЕМЈИШТЕ<br>Зе.земјиштеитнспоред номенклатура | | | | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ<br>Брани и насипи итн. Според Номенклатурата | парче | | 1 | | 121,8 | 121,8 |
| ОПРЕМА<br>Енергетски машини, уреди и постројки итн. | | | | | | |
| ДОЛГОГОДИШНИ НАСАДИ<br>Овоштарници итн. | | | | | | |
| ШУМИ И ДИВЕЧ<br>Шуми на широколисници итн. | | | | | | |
| ДОБИТОЧЕН ФОНД, пчелни семејства, ЖИВИНА И РИБА<br>Коњи, мулиња, мазги итн. | | | | | | |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА<br>Суровини и репродукционен материјал<br>Полупроизводи и надворешни производи, итн. Според Номенклатурата | | | | | | |
| МАТРИЈАЛНИ ДОБРА<br>Културни блага<br>Објекти<br>Предмети<br>Добра во домаќинствата итн според Номенклатурата | | | | | | |
| ДРУГИ обртни СРЕДСТВА И добра | | | | | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ СО ШТЕТАТА | | | | | | |
| Штети заради намалено производство или неостварен приход | | | | | | |
| ШТЕТА НА СРЕДСТВА НА министерство за одбрана | | | | | | |
| | | | | | | |

**Табела 9**

## ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ НА НЕОСИГУРЕНИ СРЕДСТВА И ДОБРА ПО ВИДОВИ И ГРУПИ СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ

### СОПСТВЕНОСТ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА-неосигурана

(НЕДЕФИНИРАНА, СОПСТВЕНОСТ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА,ДРЖАВНА,ЗДРУЖНА, ПРИВАТНА, МЕШОВИТА))

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **лизгање на земјиште 2023**
Општина

во илјада денари

| | Единица мерка | количество | |
|---|---|---|---|
| | | оштетени | уништени |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| ВКУПНО | | | 121,8 |
| ЗЕМЈИШТЕ<br>Земјоделско земјиште итн. според Номенклатурата | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ<br>Брани и насипи итн. според Номенклатурата | | | 121,8 |
| ОПРЕМА<br>Енергетски машини, уреди и постројки итн | | | |
| ДОЛГОГОДИШНИ ЗАСАДИ<br>Овоштарници итн. според Номенклатурата | | | |
| ШУМИ И ДИВЕЧ<br>Шуми и широколисници итн. според Номенклатурата | | | |
| ДОБИТОЧЕН ФОНД,ПЧЕЛНИ СМЕЈЕСТВА, ЖИВИНА И РИБА<br>Коњи, мулиња, мазги, магариња итн | | | |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА<br>Суровини и репродукционен материјал<br>Полупроизводи и недовршени производи итн. според Номенклатурата | | | |
| МАТРИЈАЛНИ ДОБРА<br>Културни ДОБРА<br>објекти<br>предмети<br>Добра во домаќинството<br>итн. според Номенклатурата | | | |
| ДРУГИ ОБРТНИ СРЕДСТВА И ДОБРА | | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ШТЕТА | | | |
| ШТЕТАИ ЗАРАДИ НАМАЛЕНО ПРОИЗВОДСТВО ИЛИ НЕОСТВАРЕН ПРИХОД | | | |
| ШТЕТИ НА СРЕДСТВА НА МО | | | |

ПРОЦЕНА НА ШТЕТАТА Образец Ш-08

Од **лизгање на земјиште** /Ш/0/8/

Ред. бр. на образецот /0/0/0/1/

## ПРОСЕЧНИ ЦЕНИ ЗА ПРОЦЕНА НА ШТЕТИТЕ

Комисија која ги обезбедила цените

***Општинска Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди и други несреќи во Општина Македонски Брод,*** цените ги обезбеди на тој начин што се преземени цените на пазарот во време по настанувањето на штетата и кои важеле на подрачјето за кое се проценува штетата.

| Ред број | Назив на позицијатана работата, материјалот и друго | Единица на мера | Просечна цена во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Градежен објект | парче | 121.853,00 |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |
| 8. | | | |
| 9. | | | |
| 10. | | | |
| 11. | | | |
| 12. | | | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај - Елаборат за проценета штета од елементарни непогоди - Лизгање на земјиште Самоков

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај - Елаборат за проценета штета од елементарни непогоди - Лизгање на земјиште Самоков, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член36 став1 точка2 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник бр.5/2002),а во врска со член34 од Законот за Буџетите(Сл.Весник на РМ 64/05,4/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12,192/15 И 167/16) Советот на Општина Македонски Брод на 20-седница одржана на 31.03.2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За проширување на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод
## За 2023 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | |
| 742114 Приходи од европската унија | 0 | 0 | 1.131.000 | 0 |
| | **0** | **0** | **1.131.000** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | |
| **N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420220 Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 199.260 | 0 |
| 420230 Патување во странство - сместување | 0 | 0 | 871.578 | 0 |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 9.717 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 19.680 | 0 |
| 426990 Други оперативни расходи | 0 | 0 | 30.765 | 0 |
| | **0** | **0** | **1.131.000** | **0** |

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод и станува составен дел на Буџетот на општината за 2023 година.

Бр. 18 - 299/7
31.03.2023 година

Претседател на Советот на Општината
**Ивица Аврамоски** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година

Се објавува Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03........4/17), Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање согласност за склучување на спогодба за засновање на право на стварна службеност со лицето Спасе Димоски

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на спогодба за засновање на право на стварна службеност со лицето Спасе Димоски за надомест за користење на земјиште за КП 3446/2 КО Македонски Брод:

*С П О Г О Д Б А*
*ЗА ЗАСНОВАЊЕ НА ПРАВО НА СТВАРНА СЛУЖБЕНОСТ*

*Склучена на ден ___.___.2023 година, помеѓу договорните страни*

1. *Спасе Димоски од Македонски Брод, ул.„Иво Лола Рибар“ бр.7 со ЕМБГ* [redacted]*, како Сопственик на послужно добро и*

2. *Општина Македонски Брод претставувана од Градоначалникот на општина Македонски Брод Жарко Ристески, како Сопственик на привилегирано добро.*

*ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА: Надомест за користење на земјиште*

*Сопственикот на привилегираната ствар, означено како КП.бр.3445 КО Македонски Брод во површина од 1315 м2, запишано во ИЛ.бр. 2588 нема можности на друг начин да дојде до таа ствар, па заради тоа се договори со сопственикот на послужната ствар, означено како парцела КП.бр. 3446/2 КО Македонски Брод во површина од 391 м2 запишана во ИЛ.бр.1161 да се заснова службеност на премин врз послужната ствар во корист на сопственикот на привилегираната ствар.*

*Предметната службеност се користеше за премин со градежни машини и одлагање на ископ на земја, на начин со кој најмалку се оптоваруваше послужната ствар, така што на парцелата не се нанесе каква и да е штета.*

*Член 1*

*Сопственикот на послужната ствар е единствен и исклучив сопственик на недвижен имот заведен во Имотен лист бр.1161 за КО Македонски Брод и тоа:*

- *Катастарска парцела 3446/2, на место викано ”ДОЛНИ ЛАК”, култура НИВА, класа 3, со површина од 391м².*

*Член 2*

*Сопственикот на привилегираната ствар имаше потреба од користење на земјиштето наведено во член 1 од оваа спогодба поради изградба на објект од јавен интерес - канал Лоштица за прифаќање на атмосверски води во Македноски Брод.*

.

*Член 3*

*Сопственикот на послужната ствар, кој е сопственик на недвижниот имот опишан во Член 1, го отстапи тој имот на користење на сопственикот на привилегираната ствар за период од 2 месеци, односно за периодот потребен за завршување на градежните работи за изградба на канал Лоштица.*

*Член 4*

*Двете страни се спогодија да се воспостави предметната службеност на имотот наведен во член 1 од оваа спогодба за паричен надоместок во износ од 35.000,00 денари, за период од 2 месеци, по претходно донесена Одлука од Советот на општина Македонски Брод бр.07-862/7 од 31.10.2022 година.*

*Член 5*

*Сопственикот на послужната ствар го предаде на другата договорна страна земјиштето опишано во Член 1 од овој Договор во владение и овозможи негово непречено користење.*

*Член 6*

*Сопственикот на привилегираната ствар го одржуваше и се грижеше за земјоделското земјиште, да остане во обработлива површина како што го прима од сопственикот на послужната ствар.*

*Член 8*

*Вкупниот износ од 35.000,00 денари да се исплати во рок од 5(пет) дена од денот на потпишувањето, на трансакциска сметка бр.* [redacted] *во Комерцијална банка на име Спасе Димоски.*

*Со исплата на договорената сума се гасат сите побарувања на договорните страни.*

*Член 9*

*Во оваа спогодба слободно е изразена волјата на двете страни, а во евентуален спор надлежен суд ќе биде Основниот суд во Кичево*

*Член 10*

*Оваа спогодба е составена во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по два примероци задржуваат двете страни.*

*Во Македонски Брод на ___.___.2023 год*

*Сопственик на Привилегираното добро*

*Спасе Димоски с.р.*

*Сопственик на Послужното добро*

*Општина Македонски Брод*
*Градоначалник*
*М-р Жарко Ристески с.р.*

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да ја потпише горецитираната спогодба

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 299/8
31.03.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање на согласност за склучување на спогодба за засновање на право на стварна службеност со лицето Спасе Димоски

Се објавува Одлука за давање на согласност за склучување на спогодба за засновање на право на стварна службеност со лицето Спасе Димоски, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03........4/17), Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање согласност за склучување на спогодба за засновање на право на стварна службеност со лицето Радослав Блажески

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на спогодба за засновање на право на стварна службеност со лицето Радослав Блажески за надомест за користење на земјиште за КП 3445 КО Македонски Брод:

## *С П О Г О Д Б А*
## *ЗА ЗАСНОВАЊЕ НА ПРАВО НА СТВАРНА СЛУЖБЕНОСТ*

*Склучена на ден --.--.2023 година, помеѓу договорните страни*

*1. Радослав Блажески од Скопје, бул.Партизански Одреди бр.171А/3-11 со ЕМБГ* [redacted]*, како Сопственик на послужната ствар и*

*2. Општина Македонски Брод претставувана од Градоначалникот на општина Македонски Брод Жарко Ристески, како Сопственик на привилегираната ствар.*

*ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА: Надомест за користење на земјиште*

*Сопственикот на привилегираната ствар, означено како КП.бр.3445 КО Македонски Брод во површина од 1315 м2, запишано во ИЛ.бр. 2588 нема можности на друг начин да дојде до таа ствар, па заради тоа се договори со сопственикот на послужната ствар, означена како парцела КП.бр. 3444 КО Македонски Брод во површина од 843 м2 запишана во ИЛ.бр.87 да се воспостави службеност на премин врз послужната ствар во корист на сопственикот на привилегираната ствар.*

*Предметната служберност се воспостави за премин со градежни машини и одлагање на ископ на земја, на начин со кој најмалку се оптоваруваше послужната ствар, така што на парцелата не се нанесе каква и да е штета.*

*Член 1*

*Сопственикот на послужната ствар е единствен и исклучив сопственик на недвижен имот заведен во Имотен лист бр.87 за КО Македонски Брод и тоа:*

- *Катастарска парцела 3444, на место викано ”ДОЛНИ ЛАК”, култура НИВА,класа 3, со површина од 843 м².*

*Член 2*

*Сопственик на привилегираната ствар имаше потреба од користење на земјиштето наведено во член 1 од оваа спогодба поради изградба на објект од јавен интерес - канал Лоштица за прифаќање на атмосверски води во Македноски Брод.*

*Член 3*

*Сопственикот на послужната ствар, кој е сопственик на недвижниот имот опишан во Член 1, го отстапи тој имот на користење на сопственик на привилегираната ствар за период од 2 месеци, односно за периодот потребен за завршување на градежните работи за изградба на канал Лоштица.*

*Член 4*

*Двете страни се спогодија да се воспостави предметната служберност на имотот наведен во член 1 од оваа спогодба за паричен надоместок во износ од 20.000,00 денари, за период од 2 месеци, по претходно донесена Одлука од Советот на општина Македонски Брод бр.07-862/7 од 31.10.2022 година.*

*Член 5*

*Сопственикот на послужната ствар го предаде на другата договорна страна земјиштето опишано во Член 1 од овој Договор во владение и овозможи негово непречено користење.*

*Член 6*

*Сопственикот на привилегираната ствар го одржуваше и се грижеше за земјоделското земјиште, да остане во обработлива површина како што го прима од сопственикот на послужната ствар.*

*Член 8*

*Вкупниот износ од 20.000,00 денари да се исплати во рок од 5(пет) дена од денот на потпишувањето, на трансакциска сметка бр.* [redacted] *во Стопанаска банка АД-Скопје на име Радослав Блажески.*

*Со исплата на договорената сума се гасат сите побарувања на договорните страни.*

*Член 9*

*Во оваа спогодба слободно е изразена волјата на двете страни, а во евентуален спор надлежен суд ќе биде Основниот суд во Кичево.*

*Член 10*

*Оваа спогодба е составена во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по два примероци задржуваат двете страни.*

*Во Македонски Брод на --.--.2023 год*

*Сопственик на*
*Привилегираното добро*

*Радослав Блажески,*
____________________

*Сопственик на*
*Послужното добро*

*Општина Македонски Брод*
*Градоначалник*
*м-р Жарко Ристески с.р.*

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да ја потпише горецитираната спогодба

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“ .

Бр.18 - 299/9
31.03.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање на согласност за склучување на спогодба за засновање на право на стварна службеност со лицето Радослав Блажески

Се објавува Одлука за давање на согласност за склучување на спогодба за засновање на право на стварна службеност со лицето Радослав Блажески, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 5 став 2, член 20-б став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/2020), член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 5/19), Советот на Општина Македонски Брод, на 20 - та седница одржана на 31.03.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за давање на согласност за измена и дополна на Годишениот план за вработување во Општина Македонски Брод, за 2023 година

Член 1

Се донесува Одлука за давање на согласност за измена и дополна на Годишениот план за вработување во Општина Македонски Брод за 2023 година.

Член 2

Оваа Одлука заедно со измените и дополната на Годишениот план за вработување, да се достави до Министерство за информатичко општество и администрација за добивање на мислење по однос на истиот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со нејзино донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 299/10
31.03.2023 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање на согласност за измена и дополна на Годишниот план за вработување во Општина Македонски Брод за 2023 година

Се објавува Одлука за давање на согласност за измена и дополна на Годишниот план за вработување во Општина Македонски Брод за 2023 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, весник на РМ” бр.05/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15 и 4/17), Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Правилник за плати на вработените во ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод донесен од страна на Управниот одбор

Член 1

Се дава согласност на Правилникот за плати на вработените во ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод, донесен од страна на Управниот одбор со бр. 02-77/2 од 30.03.2023 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Број 18 - 299/11
31.03.2023 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање на согласност на Правилник за плати на вработените во ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод, донесен од страна на Управниот одбор

Се објавува Одлука за давање на согласност на Правилник за плати на вработените во ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод донесен од страна на Управниот одбор, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година.

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, весник на РМ” бр.05/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17), Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Правилник за плати на вработените во ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод донесен од страна на Управниот одбор

Член 1

Се дава согласност на Правилникот за плати на вработените во ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод, донесен од страна на Управниот одбор со бр.01-74/1 од работно место Водоинсталатер.

Член 2

Се задолжува ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод до Советот на општина Македонски Брод да достави корегиран Правилник за плати на вработените.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Број 18 – 299/12
31.03.2023 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање на согласност на Правилник за плати на вработените во ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод, донесен од страна на Управниот одбор

Се објавува Одлука за давање на согласност на Правилник за плати на вработените во ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод донесен од страна на Управниот одбор, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22) Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод, а по предлог на Комисијата за општествени дејности по доставени барања од физички лица - Љупче Алампиоски со бр.18-313/1 од 30.03.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

1. Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година, донесе решение за одобрување на еднократен надоместок за итен оперативен зафат исплата на отворена донаторска сметка и тоа како следи на:

- Љупчо Алампиоски се одобрува еднократен надоместок во износ од 6.000,00 денари.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 299/13
31.03.2023 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од физички лица

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од физички лица за Љупчо Алампиоски, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22), Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод, а по предлог на Комисијата за опшествени дејности по доставени барања од физички лица - Валентина Димитриоска со бр.18-288/1 од 22.03.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

1. Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок за лекување и тоа како следи на:

- Валентина Димитриоска се одобрува еднократен надоместок во износ од 6.000,00 денари.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.18 - 299/14
31.03.2023 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од физички лица

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од физички лица за Валентина Димитриоска, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22), Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод, а по предлог на комисијата за општествени дејности по доставени барања од физички лица - Благица Цветаноска со бр.18-280/1 од 16.03.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

1. Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок за лекување и тоа како следи на:

- Благица Цветаноска се одобрува еднократен надоместок во износ од 3.000,00 денари.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.18 - 299/15
31.03.2023 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од физички лица

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од физички лица, за Благица Цветаноска, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22), Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод, а по предлог на комисијата за општествени дејности по доставени барања од физички лица - Олгица Трајкоска со бр.18-269/1 од 13.03.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

1. Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок поради лекување на сопруг со тешка дијагноза и тоа како следи на:

- Олгица Трајкоска се одобрува еднократен надоместок во износ од 3.000,00 денари.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.18 - 299/16
31.03.2023 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од физички лица

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од физички лица за Олгица Трајкоска, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година

Бр. 08 - 299/30
03.04.2023 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22), Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод, а по предлог на комисијата за општествени дејности по доставени барања од физички лица - Маријана Маркоска со бр.18-278/1 од 16.03.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 20 - та седница одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

